**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Првото продолжение на Триесет и деветата седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана 4 април 2000 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 39-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Наталија Марковиќ - Димова, Стојан Попов, Стојан Андов, Нано Ружин, Никола Поповски, Данило Глигоровски, Ѓулистана Марковска, Диспина Марковска и Аце Сајковски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваа на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Притиснете го системот за гласање.

Имаме 62 пратеници, што значи, констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претресот по Предлогот за донесување на Закон за телекомуникации.

Процедурално господин Гештаковски бара збор.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, би сакал да ве известам дека пратеничката група на СДСМ би можела да присуствува на оваа седница до 16,00 часот поради партиски обврски.

Доколку до тој период не заврши седницата, согласно дневниот ред, би молел да постапите согласно Деловникот и да ја прекинете седницата. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сме имале такви ситуации кога цели пратенички групи, поради партиски обврски не можат да присуствуваат, да ја прекинеме седницата во времето што е побарано.

Но, јас Ве молам, тогаш да бидеме многу по ефективни денеска и како можеме да ја завршиме седницата и порано.

Во секој случај ќе внимавам и ќе ја прекинам седницата тогаш кога вам ќе Ви треба, за да можете да отидете на самиот состанок.

За збор денеска се јави господинот пратеник Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, господине министер, Законот за телекомуникации се донесе, во неговата основна верзија, во 1996 година. Со Законот за телекомуникации, Парламентот во Република Македонија има утврдено правна рамка за непречен и насочен развој на телекомуникациите. Истовремено, ги утврди условите за либерализација, согласно светските стандарди.

Претходната постапката за донесување на Законот за телекомуникации беше доста транспарентна на внатрешен план а истовремено и на надворешен план. Имено, во земјава во предложениот закон се водеа дебати што придонесоа да се изработи таков текст на закон, што ќе биде применлив и ќе ја унапреди оваа област. Исто така, имавме бројни консултации во тоа време со експерти, кои беа ангажирани по други основи и од сите тие експертизи се доби извештај во кој стоеше дека, тоа е силен закон и кој што со својата содржина, што ќе се применува во Република Македонија, ќе ги унапреди односите во оваа сфера.

Во меѓувреме, се изврши една интервенција на законот што одеше на линија на подобрување и модернизација на неговиот текст, од аспект на сите оние преземања, што во тоа време беа актуелизирани, во делот на воведување на пазарните односи во оваа сфера. Министерството и Владата, во изминатите месеци најави една измена што денеска ја имаме на дневен ред.

Имено, да кажам дека очекував измената на Законот за телекомуникација да оди во друга насока. Очекував дека низ тековната работа се дошло до сознание дека одредени одредби од законот се надминати и во духот на нашата ориентација за европска интеграција, ќе се пристапи кон одредени измени, што ќе обезбедат поедноставен пат кон таа европска интеграција. Во тие рамки, очекував дека ќе се проанализира директивата што е од најнов датум од Европска Унија, а се однесува на местото и улогата на Дирекцијата за телекомуникации и дека, ќе се изврши

определена пререгулација, со тоа што Дирекцијата би можела да биде под контрола на Собранието, а не како што е сега, под контрола на министерот и Министерството. Тоа се директиви што се донесени во Европската Унија и што ги реализираат земјите што сакаат да ја унапредат телекомуникациската сфера.

На мое изненадување, го добив текстот на законот, го проанализирав во неговите два члена и видов дека станува збор за интервенција во законот, што во основа, ќе го дерогираат целиот закон и ќе придонесат овој закон да го добие називот на ретрограден закон.

Значи, наместо да одиме кон интервенции што ќе не приближуваат до напредните земји, на Парламентов се предлага, една интервенција што Македонија дефинитивно ја враќаат на позиција од пред 40-тина години. Умесни беа овде споредбите што во претходната расправа се дадоа за тоа дека Македонија, ако Парламентот ги прифати овие измени ќе се поистовети со системи што беа спомнати, а јас дури и ќе спомнам дека ќе се приближи до системот што важи во Северна Кореја.

Сведоци бевме дека на минатата расправа имаше една конфузија во Парламентот, од аспект на тоа што говорат пратениците и дали се воздржуваат на темата што е пред пратениците? Морам да напомнам, ако имало таква конфузија, ако имало оддалечување во дискусиите кај одредени пратеници, тоа пред се е прво, од желбата да се придонесе за пошироко елаборирање на оваа тема и второ, настапот на министерот кој пред парламентарците овде ја создаде таа конфузија.

Имено, настапот на министерот е карактеристичен, по тоа што тој направи една каша - попара од оваа материја. Ги помеша поимите, ги помеша работите што се директно предмет на денешнава расправа и се впушти во одредени коментари, кои навистина, делуваа збунувачки кај пратениците.

Добив впечаток дека со тој настап не се знае што се предлага и уште полошо не се знае зошто тоа се предлага. Се зборува за генерален приод кон сите радиодифузери, што ја збунува целокупната јавност и се дава целокупна оценка за сите радиодифузери. Министерот зборуваше за политика и дека тоа Министерство е во основа, Министерство во кое се решаваат работите врз основа на техничка основа и ако има политика, т.е. одредена политика, таа политика е само во начинот на уредување на областите што ги покрива ресорот Министерство за сообраќај.

А, што е тоа што се уредува и на каков начин се уредува со политички приод, ако не се законите што ја уредуваат областа во одреден ресор. И сега имаме закон кој што и покрај добрата желба на министерот, да не даде политички призвук на тој закон, со својот исказ дека има политика таму каде што се уредуваат областите, а областите се уредуваат со закон, тоа значи дека има политика. Се зборуваше овде за пушки, пиштоли, куршуми дури се спомна опасноста - се руши државата од емитување на одредени програми. И, дека, заради тоа се пријде, за да се спаси државата, кон вакви измени што се, со својата содржина, насочени кон укинување на одредени радиодифузни друштва. Но, не се спомна дали тие пушки, пиштоли, куршуми се емитувани од радиодифузни друштва, што имаат концесии или се емитувани или исфрлани од радиодифузни друштва што нема концесии?

Затоа спомнав дека е направена каша - попара, затоа спомнав дека се помешани работите. И, дури се навлезе во тоа да се оценува какви програми имаат радиодифузните друштва.

Господа пратеници, за сите овие и за вакви искази, законската регулатива е јасна и прецизна. Програмскиот дел се знае под чиј надзор е. Техничкиот дел се знае под чиј надзор е. Ова е комплексна материја што се уредува со еден закон, но надлежноста се поместува на повеќе органи во државата Македонија. И, сите тие органи, т.е. сите министерства од тој аспект имаат надлежност да преземаат соодветни мерки, што ќе ја спасат оваа држава од сето тоа што беше кажано.

Имаме и имавме можност да слушнеме нешто што не е слушнато досега во Парламентот и тоа од правник, т.е. од министер. Имавме можност да слушнеме дека Комисијата на Собранието на РМ е техничка комисија. Па, Ве молам, може ли едно работно тело, што е составено од пратеници да биде техничка комисија?

Заради тоа, господинот министер, како правник, нема потреба да доаѓа на тие комисии, т.е. за тие комисии се доволни неговите експерти да присуствуваат. Мислам дека многу работи се измешани со тој и таков исказ. И, дури, продолжува со објаснување за негова презафатеност, со тоа што затекнал хаос во Министерството и дека мора да биде на работно место таму, во тоа министерство, да го расчисти тој

хаос. Па, од таму и предизвикот на Пактот за стабилност е доволен мотив да не се присуствува на едно работно тело, што е техничко работно тело на Собранието, од техничка природа, со Пактот за стабилност.

Господине министер, ги следиме вашите активности. Вие, за овие месеци колку се, 15 - 16 - 18, во вашето министерство имате промовирано само еден проект. Вие, во вашето Министерство го имате промовирано проектот за растурање магла над Скопскиот аеродром. Мислам дека тој проект ќе треба да го проширите и тој проект да биде апликативен за "растурање магла од одредени глави", дали се тоа во Министерството или кај министерот, не знам, да се исфрли таа магла, за да се видат правите работи за да не се повикуваме на она што се работело претходно, да не работиме ништо сега, а да кажуваме дека Пактот за стабилност е клучниот проект со кој Македонија ќе се извлече од таквата ситуација. И, точно е. Може да биде. А, да не спомнеме дека сите проекти што ги имате таму се од времето на поранешните луѓе што работела таму. Ништо вие немате направено, како проект, што дополнително ќе го предложите пред оние што го водат Пактот за стабилност, за да се тој усвои.

Впрочем, се што е прифатено во рамките на Пактот за стабилност е од тоа време, а дел од тие проекти се исто така прифатени од Европската Унија при потпишувањето на Договорот за соработка и при конципирањето и потпишувањето на Финансискиот протокол, со кој во Македонија се обезбедија поволни кредити за реализација на објекти од инфраструктурата во износ од 150 милиони евра. Значи, ништо ново и ништо непознато до сега.

Прв пат имавме можност, овој Парламент да чуеме од правник, т.е. од министер, да се огради од образложение на закон и дека начинот на работа на Парламентот и на Владата не му дал доволно време на министерот да го прочита образложението.

Па, Ве молам, кој го потпишува пропратниот акт за разгледување на законот пред Владата? Министерот. Во законот има образложение. Тоа образложение, до процедурата во Парламентот е составен дел на законот. Кога ќе се донесе законот, законот се објавува без образложение и кое е вашето право тоа што пишува во образложението да го припишувате или кажувате дека, тоа се однесува на вашите соработници кои така напишале и придонеле Парламентот да се доведе во една заблуда, дека овие одредби не се однесуваат на неможноста други служби да ги расчистат работите што се однесуваат на оваа сфера.

Мислам дека немате такво право да се оградувате од образложение. Имате право да ги почитувате исказите што сте ги напишале во текстот во тоа образложение и од таму, мислам дека правите една лоша пракса за работа на овој Парламент, на самата расправа, министерот да се огради од образложение.

Кажувате за правен основ, дека сте нашле правен основ за донесување на овој закон. И, ни го цитирате Законот за прекршоци, овде демек, случајно сте го понеле Законот за прекршоци и се повикувате на член ми се чини 56 беше, врз член 24, во кој што кажувате дека правниот основ за донесување на овој закон, е токму таа подлога што ја најдовте во цитираните членови од ваша страна.

Меѓутоа, цело време во вашето кажување зборувате за управна и прекршочна постапка.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:** (Продолжение)

Јас ќе ве потсетам дека член 24 се однесува на видови мерки за безбедност, кои што се од сферата на кривичното законодавство. Тука е Законот, може да се погледа, може да се полемизира со одредбите од овој Закон и вашето тврдење дека тоа е доволен основ да предложите ваков закон паѓа во вода. Се согласувам и нема да коментирам и нема да полемизирам со вас, од аспект на уставност на овие одредби, затоа што ценам дека во тој дел ако се покрене таква постапка има надлежна институција во РМ, која што ќе каже дали е уставно одредено прашање кое што се регулира со закон, или не е тоа уставно. И од таму со овие мои искажувања се потврдува таа теза дека имаме еден несреќен настап на министерот пред Парламентот и дека токму таквиот настап придонесува да се создаде додатна дилема кај пратениците, дури и кај оние кои што го подржуваа со претходните искази текстот на законот, дали треба да се донесе ваков закон.

А на прашањето дали треба да се донесе ваков закон, јас категорички кажувам дека не треба да се донесе ваков закон. Не дека СДСМ, или парламентарната група на СДСМ е против тоа да средат состојбите во Радиодифузната сфера. Не. Ние сме да се средат состојбите, меѓутоа на начин кој што доликува и кој што е правно издржан во РМ.

Одредбите од член 76 и член 83 се на таа линија и мислам дека тие одредби се доволни ако се спроведат во дело, да се средат сите состојби во радидифузната

сфера. А дека е тоа така, само ќе го компарирам тоа со следното. Зарем мислите дека за да се спроведе одреден закон, на пример Законот за туристичка дејност, Парламентот, треба да донесе закон, инспекцијата треба да ги одземе шанковите или пак да се спроведе Закон во областа на трговијата, Парламентот треба да донесе закон да се одземат компјутерите? Воведувате лоша пракса.

Праксата е непримерна и мислам дека законските одредби кои што се вградени во постојните закони се доволни за спроведување на активноста за регулирање и разрешување на сите проблеми кои што се присутни во радиодифузната сфера.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Димитар Бузлевски за учество во расправата.

За збор се јави г-динот пратеник Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, со оглед на тоа што денешнава седница ќе трае многу пократко за потребите на СДСМ и во интерес на тоа време се откажувам од мојата дискусија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динот пратеник Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван министер, јас мислев дека искрено како што рече колегата Котевски поголема дебата.

Мислам дека имаше многу аргументи на последното продолжение на седницата на Собранието, овој закон да се повлече, односно Предлогот за донесува на закон.

Искрено речено длабоко сум уверен дека на Македонија не и треба ваков закон. Мислам ниту е времето сега да се донесе таков закон. Ова е лоша препорака на Македонија пред ЕУ. Започнуваме преговори за интегрирање со ЕУ, а главната забелешка од ЕУ, особено од овие професионални асоцијации во Македонија е токму на медиумската слобода. Постојано кога доаѓаат овде луѓето било од Советот на Европа, било од ПБСЕ, од Европскиот Парламент, укажуваат токму на ова прашање, дека во Македонија сериозно се гуши слободата на информирањето. Не говорам само за сега. Да бидам сфатен добронамерно, имаше обиди и во минатата власт да се замолчуваат медиумите. Меѓутоа кога дојде на власт, особено пред кампањата, во предизборната кампања коалицијата за промени, особено морам да нагласам лидерот на ДА, на секој собир тоа го потенцираше дека во Македонија нема слобода на медиумите, дека во Македонија има контрола од државата, дека имаат партиски медиуми. Што се случи? После изборите во 1998 година се пријде кон највулгарна партизација на медиумите во РМ, дури и си ги поделивте, "Нова Македонија" на ДА, "МТВ" на ВМРО-ДПМНЕ, програмата на албански јазик исклучиво под контрола на ДПА или на ПДП - НДП и сметате дека сте ја завршиле својата мисија, што ја започнавте 1998 година.

На Македонија сами рековте тогаш дека и треба исчекор напред. Слободното новинарство, медиумите се основната претпоставка за унапредувањето на демократските односи во едно општество. Без слободни медиуми нема демократија никаде. И она што се случи досега апсолутно ни дава за право да заклучам дека, ова право ќе се злоупотребува. Во ова скудно образложение кое што стои во причините за донесувањето на овој закон, апсолутно нема никаква гаранција дека ова мешање, интервенционизмот на државата во медиумите дека нема да се злоупотребува. И навистина во Законот за телекомуникации, во Законот за радиодифузија имаме многу добра регулатива да се спречат злоупотребите. А што се случува?

Наместо да одиме напред во унапредувањето на човековите права, ние имаме ретроградни процеси, немаме доверба во судот, иако и во законот и во кривичниот закон, особено делот за прекршоците, Законот за прекршоците, во Законот за радиодифузија, во Законот за телекомуникации се упатува доколку некој не ги исполнува обврските, согласно концесијата или спротивно на законот ја врши дејноста, има судска заштита. Ние наместо судска заштита овде само се говори, бидејќи постапката на судот трае многу долго, веднаш интервенира државата со партиски комесар во името на инспекторот, кој ќе влезе и ќе забрани да се врши радиодифузна дејност и ќе одземе имот, ќе одземе опрема. И дури таму викате, има гаранција дека таа опрема ќе се врати.

Ве молам, Министерството за сообраќај е најупатено од сите нас во начинот на користењето и инсталирањето, монтажата и демонтажата на опремата. Никого не може да убедите особено од концесионерите или оние што рефлектираат да добијат концесија, дека тој имот ќе се заштити, дека таа опрема повторно ќе биде во функција откако ќе ја демонтирате. Мислам дека тоа е мислена именка.

Според тоа, почитувани колеги нашето општество е конфликтно општество,

плурално општество и има потреба за артикулација на најразлични интереси, па политички интереси. Македонија има експлозија на медиуми, особено електронски медиуми, на радио и телевизии како ниту една земја. Мислам дека нема земја во Европа што има денес толку радио станици и толку телевизиски станици. Меѓутоа пазарната економија, логиката на пазарот ќе ги доведе сите работи во ред. Сите оние што се моќни на кои што граѓаните им веруваат, преку кои можат да се испорачуваат комерцијални пораки тие ќе живеат, сите други ќе згаснат. Сосема природно е. Според дури и да има некој кој што денес го злоупотребува етерот, мислам дека во името на напредувањето токму на демократијата треба да се има еден малку поголем степен на разбирање и широко гледање на тие проблеми.

Дека немам доверба во инспекторот, кој што треба да го замени судот, најдобра потврда е она што денес се случува во РМ. Упадот што го прави г-динот Станинов во "Фокус" и во "Денес", зошто не направи упад во "Вечер" и во "Нова Македонија", туку направи во "Фокус" и во "Денес", (дискусија од место) еве денес, Ве молам, денес имаме во весниците министерот за урбанизам се заканува дека ќе ги сруши зградите на Канал - 5 и на А - 1 Телевизија. Па зарем не знаеше тој министер и до вчера каков е статусот на тие објекти. Зошто тој баш денес се заканува дека ќе го направи? Ќе направи контрола. Зошто? Зошто не отиде, има толку простор да ја затвори Македонската телевизија. Навистина има многу и многу аргументи. Онакви монструозни конструкции, бидејќи јас сум паталец почитувани пратеници, а не сум гаталец. Онолку монструозни конструкции за време на претседателската кампања, по која Гебелс може да им биде приправник чесен збор. Она што го правеа тогаш Гебелс може да биде прваче.

Според тоа дајте шанса да заживеат институциите утврдени со Законот. А тоа значи, спорните прашања па вам и се обраќам директно г-дине министер, Вие навистина сте добар адвокат, барем она што имав можност да го сознаам во практицирањето на вашата професија досега. Зарем навистина сметате дека спорните прашања може да ги утврдува и да ги разрешува инспекторот. Сите спорни прашања и според Уставот се утврдуваат на суд. Овдека има спорни прашања. Ако се спорни прашања не може со едноставен акт на инспекторот по телекомуникации и радиодифузија да дојде и да забрани на некој на вршење на таа дејност и уште полошо да му ја одземе опремата.

Мислам дека она што беше кажано од моите колеги па и на минатата седница, односно претпоследното продолжение доволна аргументација пружија овој закон да се повлече. Овој Предлог за донесување на закон да се повлече. На Македонија во оваа фаза кога имаме сериозни аспирации за интеграција со ЕУ не и треба замена на судската институција на судската функција со државно интервенирање во името на инспекторот во радиодифузија. И да завршам ова е и елементарно мешање и крајна недоверба на судот во вршењето на својата функција. А ако сакаме да изградиме парламентарна демократија, во која што сите делови на власта, законодавната, извршната и судската, ќе функционираат согласно Уставот и независно една од друга меѓутоа со взаемно влијание дајте она што сме го конституирале во Уставот, како основа за функционирање на правната држава да продолжи.

Бидете сигурни, она што сега го прави во Македонија власта многу по жестоко ќе се соочи утре кога ќе дојде некоја друга власт, а може да биде полоша и од вас, навистина може да биде полоша власт од оваа. И таа што ќе направи? Она што сега некои министри и од претходната Влада викаат, не ни требаат такви закони, она што сега г-динот Станинов го спроведува, тоа е резултат на законот што го донесе претходната власт, не го измисли оваа власт. Сакам да Ви кажам, ова што сега ги снаоѓа тие луѓе, утре вас ќе ве снајде. Тие што ќе дојдат после ќе направат многу по широк, многу по силен притисок. А ние имаме обврска како пратеници овде Македонија да ја легитимираме пред ЕУ како цивилизирана земја, како земја која се залага за почитување на правото, функционирањето на правната држава, а не еден човек, еден инспектор во името на судот да може да решава судбини на многу луѓе кои што купиле опрема, а од разно разни причини тоа не можат да го направат. Ве молам, заради една целосна оценка, јас верувам и пратениците...

Г-дине потпретседателе, дајте смирете се еднаш кога говорам, или напуштете ја салата.

Нам ни требаше можеби една Информација, за тоа колку од концесионерите немаат добиено дозвола за употреба, што ја дава Министерството за сообраќај. А според информациите што ги имаме од концесионерите, еден огромен број на концесионери немаат добиено таква дозвола, некои дури немаат ни поднесено барање за таква дозвола. Значи ли тоа дека инспекторот сега со ова овластување што му го даваме со измена и дополнување на овој Закон, ќе може да упадне кај сите кои што имаат добиено

концесија. Тоа значи, еве ми потврдуваат некои од парламентарното мнозинство дека тоа значи. Тоа е злоупотребата од која што јас се плашам, а мислам дека и сите граѓани на РМ. И оние кои што на легален начин имаат добиено концесија, дозвола и тие ќе бидат предмет на сериозен третман од инспекторот, заради тоа што не функционираат во волјата на власта во РМ. Ова е највулгарна демонстрација на моќ и власт со упадот во "Фокус" и во "Денес" и со замолчувањето денешно од министерот за урбанизам на А - 1 и Канал - 5, ништо друго не е, туку сериозна закана за сите оние кои што нема да се однесуваат по волјата на власта, тоа ќе ги снајде. Тоа не е добра препорака за РМ и јас мислам дека тој закон апсолутно не ни е потребен.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Реплика има г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, и почитувани колеги пратеници, мислам дека и на минатата седница, а и на денешната седница некои од пратениците сакаат да прават политички маркетинг, дискутирајќи за радиодифузијата. Јас мислам дека најправилно беше доделувањето на сите кои што поднесоа барања за телевизии, за радио-дифузија и сега мислам дека е најреално и би требало во секоја куќа да има ред.

Овде имаме претседател на Собрание, потпретседатели и се знае кој ја води седницата, така и во Советот за радиодифузија. Значи комплетно лесно е да напаѓаме. Целта е следна, треба да се види дали овие досега кои што имаа добиено концесија дали ги имаат платено сите концесии, дали тие обврски што ги имаат дали си ги исполниле и тие досега што работеле диво, јас не сум за тоа да се прекинат, нормално сум за тоа да им се даде дозвола за работа, но се што работеле досега, од кога работат тоа да си го платат. Значи да не им биде простено.

Го подржувам министерот да има таков инспектор, кој ќе го има тоа овластување, спротивно во секое министерство за секој ресор има инспектор кој си одлучува за својата работа. Затоа мислам дека не би требало министерот да го повлече овој закон. Ние треба да го подржиме овој закон како пратеници. Зошто? Само би можеле да ги прифатиме тие досега што работеле како дива лига, да си го платат својот данок и другите давачки, концесии или други работи, да добие државата што треба, да се прошири концесијава со нив поголема да биде. Значи со тоа да им овозможиме да работат. Ние сме за тоа да го решиме и проблемот да биде решен. А ако одиме ние сега да не може еден инспектор или некој, ако чекаме со судови решавање шест месеци, 12 месеци, две години додека дојде со тие работи, па извршно, па одлагање, па други работи. Ние знаеме како одат судските постапки. Три, четири одлагања, тоа е една година. Затоа мислам дека сега треба да го решиме овој проблем. А со тоа предлагам и овие другиве кои немаат да им се даде концесија, со тоа што да можат да си платат и да им се пресмета се што работеле досега. Ако не го исполнат тоа, да не им се дозволи да работат и да им се запечати опремата, без разлика од која телевизија се, без разлика од која националност се.

Барам да се достави до сите пратеници од Министерството за сообраќај, од министерот да се достави и од Советот за радиодифузија до сите нас пратеници да ни се достави овде за да видиме кој плаќа, кој не плаќа и колку се диви од тие, мислам што плаќаат за тоа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Реплика побара господинот пратеник Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитуван министер, морав да реплицирам за две тези, бидејќи многу во јавноста се пласира прашањето дека, еве партиите делат медиуми, јас сакам јавноста да биде запознаена со прецизна информација за што се работи, бидејќи НИП "Нова Македонија" има одреден капитал, нормално е дека треба да се постави дел за управување со тој капитал и да се контролира тој капитал, а не да се претставува пред јавноста како што претходниот дискутант изнесе на говорницата дека ДА и ВМРО-ДПМНЕ делат медиуми, МРТВ е во рацете на ВМРО-ДПМНЕ, а НИП "Нова Македонија" е во рацете на ДА.

Ве молам, додека на некој начин не се контролира тој општествен капитал, од една страна, од друга страна кажете ни дали ДА на некој начин се има мешано во уредувачката политика. Ние кога зборуваме за слобода на медиумите, зборуваме за уредувачката политика, ниту ние го имаме ставено главниот и одговорен уредник, ниту другите одговорни луѓе во НИП "Нова Македонија". Со ова се фрла магла во очите на јавноста дека, еве се делат одредени медиуми меѓу партиите што се на власт.

Јас сакам во оваа прилика да ги демантирам сите изјави и претходниот дискутант дека во било кој сегмент ДА влијае на уредувачката политика. Впрочем тоа може да се види и од однесувањето на

весникот “Нова Македонија" па и Вечер". Значи, ни во еден ни во друг ние не влијаеме како партија и со тоа уште еднаш да потенцирам дека оние програмски определби што беа спомнувани од ДА, во ниеден сегмент ни милиметар не сме отстапиле, ниту на некој начин сме ги повределе, бидејќи не се врши притисок на уредувањето.

И уште еднаш ќе потенцирам, често пати на насловните страници, а да не зборувам и внатре во тие два весника, е критикувана политиката на ДА, на нашите министри и т.н.

Второ, мене ми е драго што од еден претседателски кандидат на минатите избори се изнесе една вистина, што секако јавноста во Република Македонија треба да ја знае, а тоа е дека нема држава во опкружувањето како Република Македонија со толкав број на радио и ТВ станици, по моите информации тие се околу 200, а можеби и повеќе.

Се согласувам и со дискусијата на г. Амди Бајрам, со оглед на тоа што се работи за технички закон, ние како пратеници треба да добиеме еден преглед од Министерството, да видиме колку на број ги има телевизиските и радио станиците, да имаме еден увид во таа работа и на некој начин да знаеме за што се работи, колку ТВ и радио станици имаат концесија, кои имаат договори и т.н.

Со оглед на оваа изјава дека има толкав број на медиуми, електронски, во Република Македонија, мислам дека е контраверзна со постојани изјави, дека во Република Македонија нема слобода на медиуми, а особено врзувајќи го со првото мое излагање, во врска со НИП “Нова Македонија" комплетно отпаѓаат сите обвинувања спрема ДА, дека како партија која е во владеачката коалиција, на било каков начин врши влијание или уплив на медиумите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Радомир Карангелески за учество во расправата.

За реплика се јави господинот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Реплика или одговор, можете да сфатите како сакате, пред се на господинот Бузлевски.

Добро е да се даваат одредени тези дека законот не чини, не треба да се носи во ова време, тоа е став на опозицијата и нормално е вака да се однесува, можеби и ние во една ваква прилика, доколку би биле, исто би постапиле.

Терминот е лош, дека е недоличен закон. Може да е несоодветен, недобар, не држи вода. Недолично, значи недолично однесување, пијанчење по кафани на јавни личности, штипкање на конобарки под маса, нели, едно време се пишуваше за тоа. Секој ден човек да е во блажена состојба и т.н., можеби тоа е по соодветен термин. Тоа значи недолично однесување.

Инаку, напорите законот да се повлече не држи вода, од едноставна причина што мора да се воведе ред и како таков го гледам. Нели човек кога оди на пазар мора да плати за да земе нешто. Ако не се плаќа, нормално дека не може ништо да земе.

Дека не е време за таков закон треба да го врзам на она што претходно го кажав дека, законот мора да помине, можеби со некои измени, имаме доста амандмани овде кои можеби ќе направат напор во тој правец. Но, сметам дека законот мора да се донесе, од едноставна причина што хаосот во македонскиот етер веќе зема огромен замав. Напори во ваше време не направивте, така да проблемот остана кај нас и мораме ние да го средуваме.

Индикативно е тоа што господинот Петковски го кажа дека Европа е загрижена за слободата на информирањето во Република Македонија, што апсолутно не држи, имајќи предвид во работењето на 10 – 15 телевизии и уште толку дневни и неделни весници. Така да загриженоста воопшто не држи. Би кажал како пример, кога се работи за слобода на информирањето она што го работи СКАЈ НЕТ во емисијата Скај Парк. Се говори, се пишува се и сешто, нема никаква цензура, никој не им прети, никој не ги затвара. Така да кога се говори за слобода на информирањето направете само една кратка паралела, што е она што се случуваше во ваше време, колку медиуми опстојуваа и она што денеска се случува.

Точно е дека живееме во едно плурално општество, но тоа не значи дека општеството треба да биде и анархично. Значи мора да постои ред и поредок во државата, она што значи позитивни закони кои мора сите да ги применуваат.

Околу степенот на разбирање во ова време е во контекст на она што и претходно го зборував и целта е апсолутно иста, контра она што се нуди како законски проект.

Дезинформацијата која што ја пуштивте дека ќе се рушат зградите на Канал 5 и А - 1, апсолутно не држи. Не беше така, не добро слушнавте или говорите она што Вас ви одговара. Рекоа дека документацијата не е комплетна, но дека ќе се најде

разбирање да се разрешат тие проблеми. Така да дезинформации од тој тип не би било пожелно воопшто да се пуштаат.

Дека Гебелс е приправник во однос на она што денеска го работат владините медиуми, господине Петковски да ве потсетам само на периодот на предизборието во 1998 година, што работеше тогашниот владин весник Вечер, десет броја по ред, автор на текстот беше Коста Поповски, околу бугарштината на ВМРО-ДПМНЕ. Да не кажам потежок збор, секојдневно бевме бомбардирани од дезинформации кои Вие ги пласиравте т.е., ги пишуваше вашиот тогашен новинар Коста Поповски, јас не знам во чија служба е. Во истиот контекст сакам да кажам дека, имавте и специјални штабови во тогашната Македонска телевизија кои работеа исклучиво на дискредитирање на ВМРО-ДПМНЕ како политичка партија. Така да вика Гебелс е приправник во однос на она што денес го работи Македонската телевизија, воопшто не држи. Можам да Ви набројам уште 101 пример како вие работевте.

Ако веќе говорите за плурализам и периодот на СДСМ и периодот на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ, сакам да кажам дека нема апсолутно никаква споредба. Она што денес го пласираат одредени медиуми од типот на "Утрински Весник" од типот на "Фокус" и она што во последниот број осамна постерот кој е објавен на сметка на одредени министри, сметам дека не говори само за плурализмот, туку говори за една анархија која се случува во етерот и во пишаните медиуми.

Толку би имал сега за сега, најверојатно некој од спомнатите личности ќе станат, па сметам дека ќе имам уште една шанса да одговорам на некои непознаници.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. Флоровски за учество во расправата.

Господа пратеници, пред да му дадам збор на господинот Тито Петковски, кој сака да одговори на репликите, сакам нешто повторно да напоменам.

Немојте тука да мешаме две работи.

Не стана овде збор за уредувачка политика.

Не зборуваме ние за Закон за јавно информирање, а и тогаш кога ќе зборуваме за Законот за јавно информирање немаме право да говориме за уредувачката политика на било кој медиуми.

Навистина тешко ми е од вашите дискусии каде што почнувате од законот, а завршувате некаде на сосема друго место и не знам каде да ве прекинам во дискусијата, а се тоа создава дополнителна нервоза и на крајот излегуваме надвор од прашањето по кое треба да се произнесеме. За тоа имаме критики од јавноста дека сме не продуктивни, дека сме јалови, дека дискутираме како што ќе ни текне, ја злоупотребуваме говорницата, а секоја секунда се плаќа овде, а секој од нас си зема за право да зборува се и сешто.

Ве молам, процедурално јас сега сакам да ви обрнам внимание да се држиме секогаш за темата која е на дневен ред овде и за која треба да дискутираме.

Има збор господинот Тито Петковски кој сака да одговори на репликата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пред се, господине претседателе, јас се согласувам со Вас дека треба да се држиме до темата што е на дневен ред. Меѓутоа јас реков само во еден контекст, кога се залагав против решението, инспекторот од радиодифузија, односно судот да биде заменет со инспекторот за радиодифузија заради не ефикасност на судството. Само во тој контекст како пример ја употребив недовербата во инспекторот кој е партиски определен, дали тој ќе биде од ВМРО-ДПМНЕ или од ДА, во секој случај ќе биде човек во кој тие партии имаат висок степен на доверба, а се разбира немам намера да ја мешам уредувачката политика, тоа не е и не треба да биде тема на ова Собрание никогаш.

Сега да одам по ред. Господинот Карангелески спореше околу темата дека не се поделени на партиска основа медиумите во Република Македонија. Ве молам Вие напишавте во вашиот договор на три партитната коалиција, како ќе ја водите Македонија понатаму, после Нова година во која кажавте дека "Нова Македонија" ќе припадне на ДА, а дека телевизијата е на ВМРО-ДПМНЕ и дека Демократската партија на Албанците, односно ПДПА-НДП ќе ја контролираат редакцијата на албански јазик. И тоа апсолутно не е спорно, тоа од неколку првенци на овие три партии кажано преку медиумските медиуми, тоа не сум го јас измислил.

Втор аргумент. Зарем потпаролот на ДА не е директор на Македонското радио, или мислите дека тоа не е идентификација со партиска припадност. Зарем не е јасно кој е директор на Македонската телевизија. Тој е човекот од најтесното раководство на ВМРО-ДПМНЕ и тој факт не може да се спори.

Понатаму, околу тоа, многу медиуми. Јас колку што знам, можеби ќе погрешам за некој медиум, освен "Утрински Весник" од пишаните медиуми, не знам од електронските медиуми дали некој во меѓувреме со појави од 1998 година наваму. (Реакција од место, што има врска тоа).

Има врска, бидејќи беше спомнато овде дека има експлозија на електронски медиуми. Тоа не е настанато сега. Тоа настана од 1998 година. Меѓутоа, сега се сака да се стави ред, како што рече господинот Флоровски, треба да се стави ред и затоа одам сега на одговорот на тезите на репликата на господинот Флоровски.

Јас сум за тоа да се стави ред, меѓутоа редот да го направиме согласно Уставот, согласно демократските принципи на кои е фундирана оваа држава, а тоа значи судската власт, да и дадеме шанса на судската власт да се афирмира како сериозен заштитник на човековите права и слободи, медиумите и слободата на медиумите за мене е едно од елементарните човекови права и слободи и основната претпоставка за демократијата во една земја. Ако се замолчат тие нема шанса за демократија во едно општество, нема шанса човековите права и слободи да се почитуваат.

Јас спорев околу тезата дека е добро решението Законот за радиодифузија, Законот за телекомуникации беше на стручна опсервација и пред Европскиот совет, односно Советот на Европа, беше на стручна опсервација пред стручни институции од Европа, беше пред ОБСЕ, дадоа високо мислење за тие два закони и тие два закони ги донесовме после опсежна дискутација со експертите од Република Македонија и со меѓународни институции. Според тоа тие добија висока оценка, висок кредибилитет и никој тоа не го оспори, за да сега само со еден член се менува законот, со кој се менува надлежноста на судот со интервенциите на инспекторот.

Затоа сметам дека тоа не е добро, бидејќи инспекторот може со еднострaн акт да одземе имот од радиодифузна институција и после да го врати, времено, се разбира, да одземе. Тоа не е во ред. Заради тоа сметам дека редот може да се стави само во согласност со Уставот.

Понатаму дали Европа е загрижена. Ве упатувам само на последниот извештај на Европската комисија за државните медиуми, каде што има сериозна оценка дека државните медиуми, бидејќи така ги нарекува, функционираат исклучиво во интерес на партиите на власт. Видете го последниот извештај на ОБСЕ за медиумите во Република Македонија. Затоа сметав дека овој закон не е добра препорака за Република Македонија.

И на крај, јас кога говорев за функционирањето на МРТВ, бев многу прецизен господине Флоровски. Реков, за време на претседателските избори, не денес, денес се прават обиди пред јавноста да се прикаже дека, еве има некој позитивен исчекор во МРТВ, заради тоа што е јавен сервис, меѓутоа тогаш знаете како функционираше.

И последното, господинот Кадиевски вчера на Прес конференција, тоа го пренесоа сите медиуми електронски, а го пренесоа денес и пишаните медиуми. Тој рече се преиспитува легалноста на објектите во кој се сместени Канал 5 и А1 телевизија. Па добро, зошто до вчера не го испитуваше, туку денес го испитува тоа. Дивата градба можело да се утврди за време на мандатот од година и пол. Сега кога овие медиуми пред македонската јавност настапуваат во согласност со поширокиот интерес на граѓаните, меѓутоа тоа некогаш сериозно ја загрижувa власта, решија да направат контрола. Дали е тоа во согласност или не е, околу изградбата на објектите. И, околу упадот во "Фокус" и "Денес". Има толку медиуми, па не направија упад во другите медиуми, туку во "Фокус" и "Денес".

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Сосема накусо, бев спомнат по име и по презиме за три работи.

Прво, точно е дека постои коалиционен договор, меѓутоа, жал ми е што г-динот Петковски внимателно не ме слушал јас што зборував. Зборував за вистинкција помеѓу заштита на капитал и за влијание, односно мешање во уредувачката политика на одреден медиум. Во таа смисла нема ништо лошо во коалиционен договор. Државата треба да го штити капиталот и во тој однос е и распределбата што е спомната во коалициониот договор.

Јас зборував дека ДА, таа дистинкција ќе ја направам исто така и сега, не зборував за ниту една друга партија, зборувам само за ДА, не влијае и не се меша во ниту еден медиум ниту во уредувачката политика.

Второ, би сакал да спомнам, жал ми е што г-динот Петковски нема добра информација, директорот на Радиото, актуелниот директор на Радиото не е и никогаш не бил потпарол на ДА. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Процедурално збор побара г-динот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, токму од тоа што вие апелиравте, меѓутоа, гледам дека давате збор на пратеници за реплики и кога не им се спомнува името и презимето.

Во овој случај интервенирав и за една друга работа за да помогнам, во овој случај да се држиме на тоа за што расправаме. Јас, најучтиво и без никаква

тенденција повикувам на тоа дека, по се изгледа тука е спорен членот 83, каде се дава правото за земање на опремата и т.н. на медиумите. Во овој случај, во контекст на едно продолжување на тоа што расправавме и вчера на Комисијата за Евроатланска интеграција, само да ве потсетам, веројатно и моите колеги, добро е кога се предлага закон, највероjатно се проучуваат и закони од Европските земји.

Денеска почнуваат преговорите за асоцијација и стабилизација со ЕУ. И тука имаме пораки до вас, таксативно наредени дека треба да имаме компатабилност со законодавството на ЕУ. Ако во тие закони, на некој од земјите од ЕУ и во еден закон од потенцијалните кандидати на земјите кои сакат да бидат членки на ЕУ, има ваква одредба како што е во членот 93, тогаш јас ќе бидам меѓу првите што ќе гласам за овој Закон.

Затоа сакав да интервенирам, затоа што и понатаму настојуваме, значи правиме нешто што не оди во прилог на тоа што се наши цели и определби. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Рамадани Ви благодарам на укажувањето.

По трет пат сакам да ви укажам, иако гледам дека овде скоро целиот екран е исполнет со дискутанти по оваа тема, да не се исцрпуваме и да не го губиме времето.

Мислам дека сите аргументи беа кажани.

Апелирам, не можам да Ви го оценам зборот, секој ќе добие збор, апелирам ако нешто ново не е кажано тоа да се каже и полека да ја приврвшуваме расправата по ова точка.

Имаме, навистина многу точки по кои треба да расправаме и кандидираат многу други субјекти.

Па, во таа смисла, да се воздржиме премногу од реплики, од укажувања, од препукувања и т.н., да се задржиме на тоа што е денеска и точка на дневен ред.

Г-динот Флоровски бара повторно реплика.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Не ми е реплика, едноставно одговор на она што г-динот Петковски го постави или одговори на моите обвинувања, ако може така да се каже.

Логиката на пазарното стопанство вели вака - тој што плаќа, ќе работи, тој што не плаќа, нема да работи. Ако веќе сите се залагаме за тоа, тогаш мислам дека се согласуваме по тоа прашање.

Дезинформацијата што уште еднаш ја пласира, дека ќе се руши А-1 и Канал 5 апсолутно не држи. Не би сакал да цитирам, затоа што точно не знам што кажал, но можам ова да кажам, министерот рече дека имаат не комплетна документација, што нема да биде пречка за понатамошното работење. Рушење и она што вие го спомнавте, апсолутно не беше спомнато.

Дека се водеше "Гебелсова политика" за време на претседателската кампања, да ви кажам искрено таков впечаток немам. Но, тоа говори за нашата способност дали не бива или не не бива.

Но, една друга работаа апсолутно држи, дека вие за време на вашето владеење, седумгодишното, во континуитет водевте Гебелсова кампања против ВМРО-ДПМНЕ. Имавте специјални штабови и во "Нова Македонија" и во Македонската телевизија и во она што беше под ваша контрола. Се беше под ваша контрола, буквално. Така што околу гебелштината, морам да ви кажам едно, дека мајстори бевте за тоа. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Госпоѓа Валентина Божиновска, побара реплика.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Почитуван претседателе, апсолутно на денешниов ден, она што го проговоривте за темата сте апсолутно во право и навистина, тоа што би требало да биде акцент на внимателност и одбраност на зборовите во овој дом, би сакала повторно да го потенцирам, бидејќи правиме, навистина имаме една интересна паралела во овој миг, во Собранието на РМ. Говориме за слобода на печатот и на медиумите. Тоа не е предмет на дискусија.

Предмет на дискусија, говориме за оние луѓе кои ќе добијат дозвола, или нема да добијат дозвола. Значи, не разговараме дали СДСМ има свои медиуми, дали ВМРО-ДПМНЕ има свои медиуми, кој раководи со уредувачката политика и т.н. Постојано, навистина би сакала да апелирам, за чекор назад во демократијата во Македонија. Дека, секогаш се зафаќаме за теми што македонската јавност не треба да не слуша на таков начин.

Зошто го говорам ова? Зошто никој не се дрзна да каже во минатите години какво било културното милје на тие луѓе кои добивале концесии? На тоа што ние го имаме слушано од радиостаниците, од тоа што го гледаме на ТВ екраните? Зошто никој не се дрзна да проговори што на Националниот фестивал на Македонија е добро, дали правиме добра програма во Македонија, а не постојано да говориме, дали е запазена

политиката на ВМРО-ДПМНЕ или на СДСМ?

Навистина, мислам дека денеска треба сепак, поинаку да ја водиме дискусијата. Зошто никој не праша дека на годинашниов Национален Фестивал во Крушево, дека најдобри програми имаше Албанската телевизија, Документарната програма на Албанската телевизија? Зошто никој не спомнува дека Македонија наеднаш стана депонија на јазична недоследност, на јазична некултура? Отворете било која радиостаница, многу ретко може да се пофалите и да кажете да, ова е радиостаница што во вечерните часови ќе ја слушам со огромно задоволство.

Би сакала, навистина, еден апел за по креативна дискусија. А, сето она што го говореше г-динот Кадиевски на вчерашната прес-конференција, би сакала да апелирам дека се работеше за нешто што се работи за поимот "дивоградби". Дека, во ниту една држава во Европа во свеста на луѓето не постои поимот дивоградба. Таа терминологија ја има само во Македонија и дека треба да работиме да ја срушиме таа терминологија во свеста и на граѓаните и на оние кои постапуваат така.

И, ако сакате чекор кон демократијата, во оној миг кога весниците, кога печатени од медиум, ако се 11 од страната на СДСМ, еден ден ќе осамне утро во кое ќе пишува - Да, г-динот Сашо Станинов е добар, затоа што го наполни Буџетот, затоа што прави акции на таков начин, но да кажеме тоа -тоа не е во ред. Тогаш ќе говориме за демократија во Македонија. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-ца Валентина за учество во расправата.

Мислам дека наскоро ќе дојде тема на дневен ред во ова Собрание и за содржинските и програмските аспекти, веќе за 20 април ја разгледуваме Информацијата на МТВ за програмската застапеност на јазиците на националностите на МТВ, па ќе имаме можност и малку пошироко да говориме.

Но, мислам да му дадам збор уште на г-динот пратеник Петковски, за да евентуално одговори и да приврвшиме со реплика.

И г-динот Котевски има реплика, па потоа конечно да се одговори.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, без никаква зла намера и без никаква тенденција, ако луѓето од другата страна сметаа на мојата добрина за да го скратиме времето на оваа седница, заради нивна потреба, јас мислам дека прават голема злоупотреба од нивна страна што се јавуваат по 10-пати.

Мислам дека треба да престанат со таквите провокации. Нека се насочат точно на оние измени во Законот што треба да се донесат. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Котевски.

За реплика се јави г-динот Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Јас побарав право на реплика по истиот основ, по кој што доби колешката Божиновска и колегата Котевски.

Очигледно е дека подолго време ако не од самиот почеток, навистина работиме не ефикасно, само заради тоа што не се држиме за точките од дневниот ред, само заради тоа што тоа што имаме да го кажеме таму каде што сме најдобри експерти, во телата на Парламентот, во комисиите, не го кажуваме таму или ако кажуваме таму, овде го повторуваме. И, само заради тоа што го злоупотребуваме Деловникот и влегуваме во реплики без да бидеме воопшто спомнати.

За ефикасноста на Парламентот, не под еднакво, сигурно поголема одговорност носи парламентарното мнозинство, меѓутоа сите ние пратеници, на чело со вас како прв меѓу еднаквите, треба да го дадеме својот придонес. И, вие треба да се држите до Деловникот и да не давате да се излегува од реплики на колегите кои не се спомнати.

Јас побарав реплика по тој основ да ја извулгаризирам работата до крај, кога почнавте да давате право некој да реплицира кога не е спомнат, почитувајќи го сето ова што го кажа колешката Божиновска и нејзиниот апел, бидејќи беше во слична насока, меѓутоа користејќи го правото на реплика, таа отвори сега, исто така, голем број на прашања што се надвор од точката на дневниот ред.

Дајте да се држиме до Деловникот и до тоа што е на дневен ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Ханџиски, потполно се согласувам со вас, дека навистина ни треба нов Деловник.

Еднаш ви ја прочитав Одредбата од Деловникот каде се вели дека, не треба само името да биде спомнато, туку може некој да се препознае, некој негови идеи. Така пишува. Толку е растегливо.

Што да правам? Било кому да одземам збор, секој ќе мисли дека сум го прекршил Деловникот.

Верувајте се наоѓам во една многу деликатна ситуација и многу зависи заедно како се однесуваме, во целата оваа

ситуација.

Јас однапред не можам да знам дали некој ќе се држи за дневниот ред или има намера нешто друго да каже.

Затоа, можеби кога ќе го донесеме Деловникот, новиот Деловник, строго ќе внимаваме, зошто, како и кому ќе се даде збор во однос на репликата.

Господине Петковски имате збор да одговорите, и со тоа би ја завршиле репликата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ќе бидам сосема кус.

На репликата на г-ца Божиновска не би сакал да одговарам со реплика, бидејќи првиот дел од нејзината реплика најилустративно кажува за нејзиниот однос кон медиумите. Не би сакал тука да додадам ништо. Се е јасно.

По однос на она што го кажа г-динот Флоровски - вие тоа го правевте, па ние, покрај другото што и така работевме и во медиумите, ги изгубивме изборите. Затоа и мојот совет би бил да не ги прават грешките што ние ги правевме. Меѓутоа на тие грешки заложници стануваат граѓаните на РМ, Македонската држава, не само една политичка партија.

Второ, она што го рече г-динот Кадиевски вчера, ќе го цитирам, многу кусо од денешниот број на "Дневник", кој ни важи за опозиционен весник...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ако сакате г-дине Петковски, утре ќе го видиме Кадиевски, прочитајте го утре тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине претседателе, бидејќи беше речено дека измислувам факти, еве што пишува "Први на списокот за уривање се 39 куќи во Дебар Маало и Буњаковец, а може да бидат урнати и зградите на Телевизијата А-1 и Канал 5, како и приватната куќа на Никола Младенов".

Ова го пишува "Дневник". Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор има г-динот Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Благодарам што ми дадовте збор, господине претседателе.

Јас исто ќе се приклучам на група пратеници, пред тоа кои зборуваа околу Деловникот. Ова ми е последен пат да стиснам на белото копче, културно да се пријавам за дискусија. Следниот пат ќе направам процедурално, деловнички, реплика и нормално, после оној кој ми одговара да зборувам, ќе зборувам. Еден час чекам, се изгуби контекстот на дискусијата.

Имам уште една забелешка. Г-динот Петковски изгуби. Ако бил лузер на минатите избори и ако му било тешко, како што ни кажуваше на говорница, тоа воопшто не му дава за право да ни држи предавања. Ниту Станинов, ниту министерот Спирковски, ниту министерот Кадиевски не му се криви што изгубил. Додуше г-динот Кадиевски беше шеф на изборниот штаб, но тоа не му дава за право по точка на дневен ред - измени и дополнувања на Законот за телекомуникации да ги спомнува нив. Јас не гледам воопшто допирни точки меѓу г-динот Кадиевски и г-динот Станинов, со Законот за телекомуникации. Каде ги пронајде, а вие тоа право му го давате, тој понатаму да зборува, човекот паталец бил, тешко му било, изгубил на избори, па што. Биди маж, излези на следни избори, повторно изгуби, нели.

Сега ќе зборувам околу Законот. Се работи за еден технички закон. Како успеваат господата од пратеничката група од СДСМ, толку политика да втераат во еден технички закон, кој што за да биде наједноставно објаснет пред граѓаните на РМ, кој го гледаат сево ова, на циркус почнуваме да личиме.

Има извештај, мислам дека е јуни - јули 1999 година, од Републичката инспекција за сообраќај и врски, надлежна да контролираат дали радиодифузерите, односно радијата и телевизиите плаќаат уредно концесии, дали се придржуваат до она што го навеле како програма, дека треба да го застапуваат и сето тоа и наоѓаат 113 такви радио и телевизии, кои не работат според условите што ги пропишал Советот за радиодифузија и издаваа забрани за нивно работење. До сега, само 9 од тие радија и телевизии имаат престанато со работа. Што значи, тие луѓе, инспектори можат да одат и да даваат белешки, вакви или такви, еден ден да престанат, дали и еден ден ќе престанат со работа тоа радио или таа телевизија, другиот ден повторно продолжува со емитување. И сега, од такви причини се доаѓа до сознание, дека треба нешто да се преземе.

Најцелисходно се повикуваме, ги гледаме, нема што ние многу да измислуваме, практиката во западните земји, ако некој после дадена опомена дека е дадена забрана за работа, ако не ја почитува таа забрана, неговата опрема се одзема, додека сето тоа не биде регулирано. Повторно ќе повторам, тоа е регулирано со Законот.

Има лицитација за концесии, тогаш се пријавуваат одредени телевизии. Даваат свои програми, колку луѓе ќе бидат вработени, каде ќе бидат вработени.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:** (Продолжение)

Имате телевизиски куќи кои што за да ја добијат таа концесија вработиле 80, 100, 150 луѓе, имате друг тип на телевизиски куќи кои што имаат вработено по пет, затоа што тие воопшто не ни конкурирале, пресметале дека со пет луѓе ќе опстојат како телевизија. Овие другиве за да ја добијат концесијата направиле не знам какви предаватели, не знам каква опрема купиле. Има таму со закон определено каква зграда треба да поседуваат, што се какви камери кое што чини ненормално многу пари.

Јас не знам некоја од овие скопскиве и национални телевизии кои што чинат по неколку милиони марки, значи некои луѓе вложиле толку пари за да почнат да работат и од друга страна повторно ќе ги вратам овие другиве, купиле некоја камера, ВХС снимки даваат.

Трета работа, овие сега за да емитуваат си купуваат програми, купуваат филмови, спортска програма за да емитуваат некоја утакмица, некоја трка, не е битно што. Од друга страна, овие другиве ќе си земат од Еуроспорт или не е битно која, или пак од самата таа друга телевизија ќе си ја бираат, ќе си ја пуштат, ниту пари дале, ниту ништо.

Четврта работа, со такво работење тие другите што не платиле концесии, кои што диво работат, тие си емитуваат маркетиншки реклами пуштаат и сите тие работи. Нормално е дека за нив една реклама, сега јас не знам колку чини, но пет пати по евтино ќе треба да му ја наплатат на некоја фирма да ја емитуваат, затоа што немаат големи трошоци. За пет луѓе, тие и со пет пати помала цена од овие другиве ќе можат да опстанат. А овие другиве мораат за да издржат, затоа што тие по два основа земаат пари, јас колку што знам тие телевизии и радија. Едната од нашата претплата како граѓани што ја даваме, дел колку земаат од таа претплата и втората од реклами. Не се конкурентни овие другиве со многу пониски цени, со не пазарни цени одат и не дозволуваат да се издигнат на некое повисоко ниво овие постоечки телевизии. Јас познавам новинари кои што работат во тие телевизии и радија и сите до еден се жалат за нивната финансиска состојба. И нормално е да не може да биде нешто подобра покрај работењево на овие другиве, повторно ќе кажам диви концесионери.

И сосема на крај, не ми е јасно како може сега и да се брани. Господинот Тито Петковски, дајте еднаш да се изјаснат, или сакаме законски да работиме, да ги почитуваме законите, или да не ги почитуваме, или ќе ги легализираме дивоградбите, дајте тогаш да донесеме закон, па сите дивоградби да ги легализираме или не. Законот предвидува, ако се најде дивоградба дека таа треба да се сруши. Што има тука спорно во сето тоа. Законот кој што Вие сте го донеле предвидува дека угостителските објекти треба да работат од недела до четврток до 11,00 часот, односно 23.00 часот, во петок и сабота до 24,00 часот. Ние го спроведуваме законот. Каде Вие тука спорно нешто наоѓате? Што има лошо во тоа што ние законот сакаме да го спроведеме.

Еднаш за секогаш треба да се изјасните, или сте за правна држава, или не сте. Имам длабоко убедување дека Вие не сте, или дека сте махери за заобиколување на законите и дека во такви услови, во анархични услови сте махери да опстанете. И тоа до сега за оваа година ипол Вие што го практикувате. Од таму, Вашиот консомолец Шеќеринска, па ќе не учи сега вака. Мислам не е цитат, но буквално тоа го изјави. На минатата седница вели вака: како ако ние го спроведувавме Законот за работење за радиодифузија, за телекомуникации или како се вели, ако го спроведувавме законот вели, тие луѓе почнаа со двајца -тројца вработени во некои гаражи и вели сега нормално тие немаат пари како СИ ЕН ЕН, како Би Би Си, не знам кои таму не телевизии ги напомна, вели немаат толку милиони марки да направат такви телевизии, е сега тие лека полека, лека полека за пет, шест години направија и станаа такви телевизии.

Дајте ако е така, ние да ги оставиме сега шверцерите по граници, да оставиме одредени места во Скопје, нека си работат, можеби тие ќе израснат во некои тешки бизнисмени, некои милионери, дајте да ги стимулираме тие луѓе на шверц, на беззаконие, оние што немаат положено возачки испит, можеби ќе се научат, како ќе се научат ако не возат.

Мислам крајно сте не сфатливи што сакате да постигнете со тоа, кога го поддржувате криминалот, кога велите: ако не се почитуваат законите, тогаш подобро ќе биде. Мислам дека тоа е не сфатливо и тоа без срам, без перде на Тито Петковски на свои 50 - 60 години, што веќе личи на дедо со бела коса, да зборува така, крајно ми е непријатно, а човекот се претставува како колега, исто како пратеник.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави господинот пратеник Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министер, јас искрено да Ви кажам долго размислував дали да се јавам, или да не се јавам денеска за

дискусија. Но, три работи ме поттикнаа сепак да кажам некои работи. Ја користам оваа прилика прво да дадам јавен протест против министерот што не најде засходно никогаш да се јави пред матичната комисијата, а уште повеќе да протестирам поради образложението, зошто господинот министер не доаѓа на седницата на Комисијата. Јас колку што знам господине министер, ние во таа Комисија никогаш не зборуваме за модулација, демодулација на сигнали, за некоја статика во некој мост за да тоа биде стручна расправа, а Вие да не можете да разберете.

Воглавном таа Комисија е матична комисија каде што се води политика. И во овој конкретен случај се работи за донесување, односно измена на Законот со кој што се сака да се стави ред во медиумите. Уште повеќе сакам да протестирам, кога за прв пат се јави господинот министер пред Парламентот, тој јавно изнесе дека законот не го прочитал и јавно се дистанцира од тоа што е пишано во образложението на законот.

Мислам дека ние како пратеници без оглед од која политичка партија доаѓаме, не смееме во никој случај да дозволиме до толкава мера да се девалвира позицијата на Парламентот, луѓето кои ние ги избираме да доаѓаат пред нас неспремни и дури викаат дека не се стручни. Па ако мислите дека воглавном Министерството за сообраќај и врски е стручна работа, тогаш не требаше да прифатите да бидете министер и да го водите тој ресор.

Господине министер, јас знам дека Вие бевте премногу зафатени, со оглед на тоа дека терате неколку работи. Но, тоа никако не значи дека до таа мера ние како пратеници ќе дозволиме да ја девалвирате позицијата на Парламентот. Мислам дека тоа во никој случај не треба да се дозволи.

Она за што сакав да зборувам, како што знаете пред да бидам пратеник, јас бев инспектор во еден ресор и знам моите колеги инспектори со кои се проблеми се соочуваат при спроведување на одреден закон, уште повеќе ако тој закон дава вакви можности, каде што инспекторот треба со своја одлука да користи дискреционо право. Тогаш тоа е голема врата за притисоци од страна на извршната власт, како треба да постапи министерот.

Јас искрено да Ви кажам дека јас имав такво искуство, а верувам и сите од разни ресори инспектори кои што спроведуваат закони. На инспекторите им се јавуваат нивните претпоставени, кои што ги именуваат и ги разрешуваат да извршат одредена работа. Во ситуација кога ние со оваа измена му даваме право на инспекторот да донесе решение за забрана или во исто време да го користи другото право, да донесе решение за одземање макар тоа било и привремено, ние прво што ќе направиме, ќе го ставиме во дилема што треба да направи. Кој е критериумот по кој треба да постапи по точка 3 од Законот да донесе решение за забрана. Што ќе значи ако не постапи по тоа решение со Законот за управна постапка ќе тера постапка до судот, ако констатира дека човекот не постапил по решението, било за прекршочна, ако констатира дека има и кривична постапка. Тука не стои дека после тоа ќе го прави. Или пак по кој критериум тој ќе донесе решение и ќе му ја одземе опремата, дали тоа значи дека тој ќе треба да чека што ќе му каже министерот.

Власта е променлива категорија. Тие луѓе се стручни луѓе кои треба да спроведуваат закони, без оглед на тоа кој е на власт. Со оваа можност ние до крај и нивната позиција ја разнишуваме и тие не се во состојба да завршат. Јас сум апсолутно за тоа ние да воспоставиме ред. Дури по моја лична проценка, ако јас правам проценки има многу телевизии на кои денеска би им ставил клуч. Но, дали тоа така ќе го решиме по наши лични проценки, ако случајно некој се појави на телевизија и каже дека ПДП или Ризван Сулејмани е тој што не треба да биде, јас донесувам одлука тој да се затвори.

Затоа, во демократските земји се градат механизми за да таквите одлуки не се одлука на индивидуата, на министерот кој што ќе одреди по негова проценка. Се со цел да помогнам за да излеземе од оваа ситуација да Ви кажам дека моето длабоко уверување беше и во Комисијата и сега, дека овој Закон прави конфузија и не значи решавање на проблемот.

Ние можеме да зборуваме за еден закон колку е тој добар, или не е добар, колку е тој спроведлив или не е спроведлив, дури можеме да зборуваме и за ефикасноста и не ефикасноста на судот. Но, при донесувањето на законот многу треба да водиме сметка каков закон носиме, дали е тој спроведлив. Ние имавме такво искуство, носевме закон се со цел да воспоставиме ред во сообраќајот и казнените одредби ги покачивме на две, три просечни плати. И што ни се случи? Ни една од тие казни не се оствари. Сите тие заглавуваа во суд и ние не успеавме да воспоставиме ред. Напротив, ние бевме во ситуација тие мандатни казни да ги смениме, за да можат тие да ги дадат ефектите. Читам овде дека во казнените одредби стои дека ние треба сопственикот да го казниме дури со 50, или 150 просечни плати за одреден прекршок. Колку се тие 150 просечни плати? Дали тие 150 просечни плати се во вредност на опремата што ја има,

за кој ние треба да го казнуваме.

Тоа може да биде тема на дискусија за да ние направиме Законот да биде спроведен, да ги даде ефектите за кој е донесен. Во тој правец треба да размислиме. Имавме многу такви ситуации и јас како инспектор и ден денеска судот не донел решение токму од овие причини, затоа што со тие казнени одредби судот треба да донесе одлука, да го казни со 20, или 30 просечни плати, а целиот имот и дуќанот не му чини 10.000 марки. Тие работи се работи кои мора да ги правиме прифатливи и спроведливи закони.

Друг уште позначаен проблем. Ние викаме дека, донесе решение за одземање, по процедура за одземање на една технологија, опрема што во телекомуникациите, Вие знаете дека сепак треба до крај да се пропише процедурата на одземање.

Прво, треба да се направи попис што е таа опрема, во каква состојба е, исправна, не исправна. Кој е тој стручен човек или треба да се направи стручна проценка на состојбата на опремата, во која состојба таа ќе се зема и во која состојба таа ќе се врати, ако евентуално судот донесе решение да ние мораме да му ја вратиме опремата. Дали сите тие работи се предвидени или пропишани во овој закон. Како мислиме ние овој закон да го спроведеме.

Мислам дека со овој закон ние не помагаме да воспоставиме ред. Инаку уште еднаш потенцирам, апсолутно сум за воспоставување на ред, но не вака. Слушнавме разни идеи како тоа се прави, кога имаме затекната ситуација во една област, која треба да ја регулираме. Можеби најболната ситуација, е тоа кое ние сите заеднички треба да мислиме е тоа постојната ситуација, онаа која што е затекната како ситуација да направиме напори со законски одредби да ја легализираме таа ситуација. Вака, фактичка ситуација која по вашите податоци 120, ако се точни тие податоци, работат нелегално, било од причина што немаат концесија, било да немаат решение, употребна дозвола, на која ќе и претходат неколку други решенија за да дојде до употребна дозвола и ние едноставно со еден член сите тие ги одземаме и ги носиме. Па замислете на што ќе личи градот ако ние екипи, инспектори како што рече некој овде, кои се пуштени по градот да ги затвараат сите тие трговски или кафеани, да се носат со камиони шанкови и столици и цела опрема на тие угостителски објекти. Тоа не е решение. Мораме да најдеме решение. Затоа добра е идејата што некој овде предложи министерот да го повлече законот и уште еднаш да го проанализира и да донесе соодветно решение со кое ние ќе се соочиме со еден поширок консензус за дефинитивно воспоставување на ред во оваа област, за која сите ние цениме дека е многу значајна.

Но, на крајот уште еднаш, господине министер, Вие сте министер и Вие пред матичната Комисија мора да дојдете да се појавите, да дадете образложение за секој еден закон. Не држи тоа образложение дека Вие сте правник, а не ги знаете техничките работи. Ние таму не расправаме за електроника, ниту за статика, туку зборуваме за Закон, а законите се Ваша област.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот пратеник Абдулади Вејсели има процедурална забелешка.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, оваа седница, а седниците на Собранието се јавни. Ние сме тука репрезенти на нашето гласачко тело, претставници на граѓаните, кои ги промовираме и ги штитиме нивните права.

Затоа јас мислам дека ние како пратеници воопшто тука во ова Собрание на ова прашање не му пристапивме сериозно. Затоа Ве молам, во Собранието немате доволен број на пратеници за да продолжите со работа, затоа што уставна категорија е, треба да присуствуваат мнозинството од пратениците од вкупниот број, 60 плус 1.

Затоа, за да не испаднеме дека не сме сериозни за ова битно прашање, Ве молам да ги повикате пратениците.

Ако ги нема тука, јас мислам да ја прекинете седницата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ги повикувам сите пратеници да влезат во салата, да се сослушаме.

Процедурално има право господинот пратеник.

Ги молам службите да пребројат колку пратеници имаме овде.

Во салата се присутни 62 пратеници.

За збор се јави господинот пратеник Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, колеги пратеници, во претходниот тек на седницата се поставени едно правно и едно правно - политичко прашање, би рекол во врска со Предлогот на законот за измена и дополна на Законот за телекомуникации, за кои прашања претставниците на позицијата и опозицијата заседоа дијаметрално спротивставени ставови.

Правното прашање што се постави е, дали со привременото одземање на предметите со кои е сторен прекршокот од страна на инспекцијата за сообраќај и врски, значи и повреда на уставното начело за неприкосновеност на правото на сопственост. Одговорот е негативен, затоа што правото на сопственост не е неограничено и истото може да се ограничи со закон. Примери за такви законски ограничувања има во сите гранки на правото и тоа во кривичното, материјално и процесно право, во прекршочното право, како и во граѓанското право, каде е забрането практицирањето на правото на сопственост на штета на друг правен субјект. Според тоа, досегашната правна теорија и практика веќе го дале одговорот на тоа правно прашање.

Што се однесува до правно - политичкото прашање, дали тоа не значи ограничување на слободата на електронските медиуми во емитување на сигнали, одговорот е веднаш негативен, бидејќи станува збор за елиминирање на една масовна појава во сферата на електронските медиуми својствено за нашето поднебје, а таа појава е диво, не контролирано и нелегално емитување на радио и ТВ сигнали.

Слично на оваа појава во градежништвото и дивата градба, за кои појави, со предзнакот диви, западните општества немаат ниту елементарна претстава, ниту пак изградена терминологија.

Колеги, прашањето е многу јасно. Се работи за привремено одземање на предметите на оние кои немаат дозвола за емисија. Дискреционото право на кое се повика претходниот дискутант, на органот на власта, подразбира донесување на решение во управна постапка, без истото решение да биде образложено, што во случајот не е, бидејќи се работи за тоа да се одземе правото и предметите на оние кои немаат претходно извадена дозвола, а која дозвола се добива откако претходно ќе се плати концесија и ќе бидат исполнети условите за регистрирање на радиодифузна куќа.

Тука би сакал само да додадам само уште збор два, за оправданоста на предлогот на Владата, бидејќи фактички состојбата од 8 месец 1999 година, говори за постоење на 120 нелегални, односно диви радиодифузери и тоа 105 радија и 15 телевизии. Во однос на легалните 77 концесионери, бројката на дивите е безмалку двапати поголема.

Кон скоро сите диви радиодифузери преземени се мерки за давање на кривични пријави и прекршочни пријави. Судот одговорил само на 10% од пријавите, а максималната казна доделена е на 20.000 денари. Инаку казните се во распонот 6.000 до 20.000 денари. Имајќи го тоа предвид илузорно е да се очекува некои од овие диви радиодифузери, поради судските казни, да престане да зрачи. Од друга страна притисоците за решавање на дивите радиодифузери, како од внатре, се мисли на легалните концесионери, така и од надвор, Советот на Европа, се уште се присутни и со право, бидејќи нелојалната конкуренција на овој начин стимулирана, меѓу другото и од не ажурноста и пасивноста на судската власт е во директен судир со интенцијата на Република Македонија, за создавање на слободен пазарен амбиент секаде, па и во медиумите, по терк на земјите членки на ЕУ. Само како илустрација.

Знаеме колку е мал пазарот и последователно колку е мал маркетиншкиот колач во РМ. Земајќи го предвид тоа, односот на дивите со легалните радиодифузери, моето прашање до господата од опозиција би било, дали знаете колку од тој колач отпаѓа на дивите радиодифузери и зошто вашите залагања одат во правец на стимулирање на веќе постоечкиот хаос Меѓу другото стимулирање на дивите радиодифузиери на тој начин додатно го отежнува спроведувањето на даночната политика, односно го стимулираат перењето на пари во државата, од причини што тешко е да се верува дека дивите за државата непостоечки радиодифузери, го пријавуваат данокот од нивното маркетиншко работење.

Чудно е што судството во Република Македонија, кое е на буџетот исто така на Република Македонија, со својата пасивност е токму генератор на таквата состојба. Мислам со предлогот на Владата таквите состојби на најефикасен можен начин ќе бидат разрешени и практично ефектот од ваквиот пристап ќе биде голем, како од аспект на медиумите, така и од аспект на даночната политика.

Што се однесува до промоторот на принципот - арамија те тужи, арамија те суди, што го кажа г. Петар Гошев, истиот најверојатно зборува за амбиентот од времето на сопственото позиционерство и нешто потоа, период од 1994 до 1998 година, кога истиот стекнал имот од поголема вредност, што секако му го овозможи принципот што го промовира, а го практицираше тој и неговата партиска матица, во која само фиктивно е одвоен.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. пратеник Чедомир Краљевски.

За збор се јави г. пратеник Горанчо Трајков.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, најнапред би сакал да ја проанализираме фактичката состојба во државата.

Прво, имаме огромен број на дифузери кои емитуваат разни програми. Според процентите, а тоа и така голем дел се без дозволи за извршување на својата дејност. Самиот факт што има и такви медиуми кои си имаат средено документација, автоматски истите ги става во подредена ситуација во однос на другите, што значи дека имаме, дефакто, нелојална конкуренција. Друга приказна е квалитетот на емитувањето, не во врска со содржината, туку во врска со квалитетот на сигналот, па имаме случаи да слушаме одредени радија додека гледаме телевизија, или да гледаме една иста слика во позадината на сите канали и сл. Значи имаме една солидна ршумунијада по ова прашање. Ако резимираме ќе видиме дека имаме создадено правила на играта или веќе донесено закон, во кој се регулирани отварањето и работењето на овој вид дејност, од една страна и затварање на истата, доколку во било кој сегмент дејноста не е во согласност со важечкиот закон. Што значи имаме релативно јасна ситуација.

Меѓутоа, во досегашното практицирање на овој закон, тој е веќе 4 години, се покажа дека негова главна мана е тешкото спроведување на истиот. Од тие причини министерството се определило за еден ваков чекор.

Сега би сакал да кажам зошто ќе го поддржам донесувањето на овој закон.

Прво треба јасно да разграничиме што е демократија, а што анархија. Или демократија е однесување на граѓаните според строго определени правила или закони и нивно ригорозно казнување, доколку овие правила бидат прекршени. Како драстичен пример за еден таков закон, би го спомнал законот кој ја регулира сопственоста во САД, каде доколку биде ова нарушено, на пример не потребно присуство на човек на приватен имот, сопственикот може веднаш да реагира во согласност со законот и да оди до крајност, да употреби дури и огнено оружје без притоа да сноси одговорност. Инаку САД се смета за една од најдемократските држави во светот.

Доследноста во примeноста на законите, всушност е и столбот на секоја здрава демократија. Доследност во примената досега не видовме кај нас ниту пак слушнавме дискусија, во која би се бранела оваа доследност во спроведувањето на овој закон, за разлика од поголем број на дискусии од страната на опозицијата кои воопшто не зборуваа за законот, зборуваа за други работи.

Сега за разлика од демократијата, каде почитувањето на законот не е само должност, туку е и обврска и чие непочитување безкомпромисно се санкционира, анархијата е спротивна и таму законите немаат такво значење, туку право на поединецот е да постапува така како што самиот мисли дека треба. Сега е прашањето каде се наоѓаме ние.

Доколку ја гледаме состојбата во оваа област, тешко дека можеме да се уврстиме во групата на демократски земи, туку повеќе прилегаме на анархична земја. Имаме многу примери за тоа. Јас на почетокот спомнав за тоа неколку, а одговорните од министерството и од Советот за радиодифузија, сигурно би можеле да кажат многу повеќе.

На крајот би сакал да кажам дека верувам оти идејата на министерството е само да се стави ред на оваа дејност.

Зошто ова е демократски. Демократски е затоа што сите се рамноправни пред законот и сите на овој начин и само на овој начин може да профункционираат правните механизми. За жал тука слушнавме и други размислувања кои воопшто не држат и сметам дека се само од дневно политички цели и не би сакал да верувам дека господата така размислуваат. Со дискусиите за улогата на судот се согласувам, но не се согласувам со тезите дека судот е исклучен и дека се прави заобиколување на оваа власт. Што значи судот не се исклучува, бидејќи доколку инспекторите направат одредени грешки, правдата секако ќе се бара пак на суд и она што ќе го каже судот секако ќе биде последното.

Меѓутоа, сето она што се случува во оваа сфера јасно говори дека законот не се спроведува. Маната не сакам да ја барам во судовите, бидејќи покрај субјективните проблеми кои ги имаат судовите, секако има голем број и на објективни проблеми, кои во блиска иднина се надевам дека ќе бидат отстранети.

Затоа на овој начин сметам дека голем број на недостатоци ќе се отстранат и ќе почне да се воведува демократски ред, а не анархичен ред во оваа дејност, со што и практично ќе се реализира дел од програмите, не само на мојата партија, туку и на сите политички партии кои се залагаат за ред и функционирање на правната држава.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. пратеник Горанчо Трајков.

За збор се јави г. пратеник Илија Пемов.

**ИЛИЈА ПЕМОВ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани пртеници, минатиот пат говорев за тоа каква е состојбата за радио и ТВ станиците кои нелегално емитуваат програма, а состојбата ја знаеме.

Кај нас во Македонија се јавија повеќе од 200 приватни радио и ТВ станици. Тоа, за овој мал балкански простор е надвор од сите светски стандарди. Можноста фрекфенциски да се распоредат е прилично ограничено. Затоа беа распишани, доделени и потпишани договори за концесии за радиодифузиска дејност, за радио и ТВ мрежи на локално и државно ниво, од вкупно 127 концесионери, а имаме уште и 29 јавни претпријатија на локално ниво. Но и покрај тоа кај нас има многу радио и ТВ станици кои емитуваат програма, а не учествувале на конкурсот, што значи тие не ни планирале некогаш да работат легално. Добиле забрана па продолжиле, добиле прекршочни пријави, а продолжиле, им ги запечатиле и пак продолжиле, добиле кривични пријави и пак продолжиле со работа.

Навистина несфатливо непочитување на законите и прописите кои ги донело ова Собрание. Најмалку ние тука треба да ги оправдуваме таквите појави кај нас и најмногу ние тука треба да се залагаме тоа да престане еднаш да се случува во Македонија. Таква е состојбата веќе повеќе години и ако не ја решиме ќе продолжи уште многу години. Ќе поминат уште многу години, а ние ќе се справуваме со работи кои светот веќе одамна ги надживеал.

Ние доделивме фрекфенции пред неколку години. Во Европа Фрекфенциите се доделени уште 1961 година. Во развиените земји нема веќе проблеми со лош прием на сигнал, со мешање на фрекфенции, со диви дистрибутери, бидејќи корисниците се или кабловски поврзани или сигналот го примаат од сателит. Во Америка и Европа постојат милиони претплатници на дигитална телевизија. Така на пример во Холандија и Белгија речиси 100% од домаќинствата се покриени со кабловска и сателитска телевизија, Швајцарија и Данска со 90%, а ние допрва ќе доделуваме концесии и ќе развиваме регулатива за кабловска телевизија. Светот веќе одамна користи сателитски предаватели, а ние со класични предаватели, те немаме сигнал, те некој ни ја исклучил струјата и т.н. Ние се уште немаме иако се очекува наскоро, емитување на Македонска сателитска радио ТВ програма за Европа, Америка, Канада и Австралија. Светот веќе масовно поминува на дигитална телевизија.

Дигиталната телевизија е воведена веќе две години во Англија. Аналогните услуги во телевизијата ќе бидат исклучени во 2006 година во САД, 2007 во Германија, 2008 во Италија, 2010 во Шпанија, а кај нас се уште е во аналогна техника. Постои опасност да останеме единствена аналогна држава во светот на дигиталната радиодифузија.

Практично ние веќе тука се расправаме два дена за нешто што е одамна историја. Америка и Европа ги решавала и решила пиратските радио станици пред повеќе децении. Можам да замислам колку не сфатливо, дури и смешно изгледаме во нивните очи кога не можеме да воспоставиме ред во оваа област. Таму можеби и може да се појави по некаде некое пиратско емитување, но ако не се знае сопственикот или каде е лоциран предавателот, оној момент кога тоа ќе се открие тоа со денешните технички можности се прави за час и тогаш за час се решава проблемот.

Ние тука имаме забранети радио и ТВ станици, чии сопственици сите ги знаат, чии предаватели сите знаат каде се лоцирани, а кои не се ни обидуваат тоа да го скријат, јавно ги објавуваат тие работи, па дури тие наплаќаат реклами за своите услуги. Замислете во Македонија како правна држава нема начин тоа да се спречи, или тој начин што го имаме едноставно не функционира во пракса. Ние еве сега ќе почнеме да издаваме концесии за кабловска дистрибуција на ТВ и радио програми и допрва ќе создаваме законски услови и ред во таа област, а светот веќе и тоа го надминува.

Во ова време кога медиумите минуваат низ навистина неверојатни брзи промени, новите аудиовизуелни телекомуникациски и компјутерски технологии, веќе имаат силно влијание и врз радиодифузијата. Многу радио и ТВ станици директно се пренесуваат преку интернет. Се предвидува дека за 10 години секој ќе може да прима 1000 ТВ канали на интернет. Веќе од пред скоро 2 години на интернет се емитува повеќе музика, отколку што емитуваат сите класични радио и ТВ станици во целиот свет. На интернет во секое време имате најнови вести од сите светски агенции. Веќе е реалност тоа, тоа и

кај нас доаѓа. Ако сакаме да слушаме музика или да ги дознаеме најновите вести, ќе биде тоа само ако се приклучиме на една светска глобална мрежа, како што е интернет и нема да има потреба еден телевизор, еден компјутер, радио, видео или еден музички систем. Веќе се интегрира во еден дигитален уред, поврзан со еден единствен кабел во светска мрежа, или со телефонска парица или пак со антена слична како оние од мобилните телефони, директно со сателит. Сето тоа отвара неверојатни можности.

Дигиталната техника и интерактивноста ќе овозможи ОНЛАЈ функции, како и МЛ, сурфање по веб страниците, учество во разни дискусии и форуми, игри порачки за разни производи и т.н., можност да гледате реклами и веднаш да го порачате производот преку далечински управувач седејќи во својата фотеља. Да слушате или гледате нешто по ваше барање и тоа кога ќе посакате, а не кога се емитува според некоја програмска шема. На интернет некоја ТВ станица ќе има поставено, да речеме 10-тина играни филмови, 20-тина серии, најнови вести, повеќе забавни и музички емисии, документарни програми и сл., а ние ќе можеме што сакаме да одбере и кога сакаме тоа да почнеме да го гледаме и тоа од средината и од крајот, како сакаме.

Од друга страна станиците во секое време ќе може да знаат точно што и колку се гледа, што е многу важно за рекламите. Некому ова звучи како научна фантастика, но тоа е одамна веќе технички остварливо и остварено и постои во светот само треба уште потполно да се стандардизира и по евтини, односно комерцијализира и се разбира да дојде и кај нас, за овие генерации што сега созреваат и растат, за младите, за тинејџерите кои сега растат со компјутерите и со интернет. За нив тоа ќе биде многу по нормално, отколку класично како досега да пуштат радиот или ТВ.

Тоа брзо ќе дојде и кај нас ама се плашам дека ние и тогаш ќе ги решаваме тие незаконски диви или пиратски ТВ и радио станици. Тогаш ќе има и глобална конкуренција. Ако ние до тогаш не успееме да изградиме помал број но квалитетни јаки и здрави електронски медиуми ќе изгубиме многу како држава кога ќе треба еден дел да се појавиме на тој глобален светски пазар на забава, пазар на спонзори и пазар, повеќе би рекол на информации, како што велат тој што ќе ги контролира информациите ќе владее со светот. Каде ќе бидеме ние? Вака споро како што одиме се плашам дека таму едноставно ќе нема место.

Затоа треба час поскоро да ги решиме овие проблеми, за кои денес дискутираме и да фатиме чекор со светот во оваа област, област која многу брзо се развива, а ние преспоро го следиме овој развој.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Илија Пенов за учество во расправата.

За збор се јави г. пратеник Љубисав Иванов - Ѕинго.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:**

Господине претседателе дами и господа.

Јас сакам да го искажам моето мислење и мислењето на партијата на која припаѓам, Социјалистичката партија во врска со законот.

Морам уште на почетокот да кажам дека една од ретките области каде можеме да кажеме дека за овие 10 години постигнавме значајни резултати, а во ова време се развија силни електронски медиуми, радија ТВ и пишани медии. Ако ние во 1990 година имавме само една ТВ станица со два канали, денес имаме голем број на ТВ станици, било да се тоа од национален обем, било да се од локален обем. Ако имавме исто така едно радио со неколку програми, денес гледате со каков број на радио станици располагаме. Ако имавме неколку пишани медии на македонски, две и неколку на јазиците на националностите, денес тој број е голем.

Според тоа таа експанзија на медиуми која навидум на почетокот сега оставаше доем на една анархија, таа експанзија одигра значајна улога во информативниот систем во Македонија. И ако некаде владее тој плурализам, владее во тој информативен систем. Во меѓувреме сведоци сме дека донесовме закони со кои сакавме да се уреди таа област, да завладее ред и да се знае кој, како, колку ќе емитува, кој, како, колку да се однесува и во исто време на кои фрекфенции и т.н.

Со плаќање на концесии, со тенденција во тој правец да се усовршува тој закон и се воспоставува можноста на електронските и пишани медиуми економски да се стабилизираат и технички се развиваат, за што зборуваше претходниот дискутант и уште некој, за да може да се следат светските токови.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:** (Продолжение)

За жал, во тој правец во таа насока не се направи ништо, затоа што на тој пазарен натпревар, на тој пазар медиумите практично

се во не рамноправна положба. Некои медиуми се привилегирани, остваруваат свои приходи на сметка на други медиуми и наместо ние да ги оспособуваме тие медиуми, економски да јакнат, практично со една политика ги осиромашуваме.

Тоа е факт од кој никој не може да побегне. Меѓутоа, и факт е, вистина е дека сите тие медиуми не се така независни, како што тука сакаат некои да прикажат, туку тие медиуми се зависни или од партии или од оние кои ги финансираат. И тоа е факт и тоа стои.

Според тоа, ние од тоа не можеме да бегаме, затоа што тоа е светски процес. Во светот само државата настојува да се однесува неутрално во однос на државните медиуми, медиумите што државата ги финансира, што и ние треба во таа насока да ги развиваме тие односи. Факт е дека светот, големо внимание, развиениот, европски свет посветува на тој плурализам и на тие разлики, да може преку медиумите да дојде до израз вистината, народот практично, гледајќи повеќе медиуми, гледајќи повеќе извори на изнесување на факти да доаѓа до правата вистина. Ако медиумите се ограничуваат, од разни притисоци и да ја губи својата самостојност, тогаш ќе се продуцира вистина од поедини места и од поедини извори, а таа вистина често пати е вистина на тие кои ја продуцираат.

Ако е ова така и ако сме ние за овој временски период од 10 години, морам да кажам отворено и јасно дека и власта, што беше и порано и сега, не го спутаваше развојот до сега на медиумите. Имаше едно големо чувство, дека тоа е една политика на развиените земји во светот, на демократските земји во светот и дека било какво спутавање денеска во светот се смета за апсолутизам и технократија.

Според тоа и сите партии што беа на власта го имаа тоа чувство и настојуваа медиумите да се развиваат независно. Но и медиумите и така се однесуваа, што често пати служеа подеднакво и на позицијата и на опозицијата.

Според тоа, овде малку се интересирав, во некои амбасади барав и некоја друга документација, да видам дали постои некаде во светот такви и слични закони, што на некој начин, со делување на силата за примена, со делувањето на репресивни мерки, често пати би се злоупотребувала таа во правец да се уништува правото на информирање и изнесување на вистината. Јас немав таква можност да дојдам до такви сознанија.

Вие знаете дека некаде од 1993-1994 година нашето законодавство настојуваме да го прилагодиме на законодавствата на демократските земји, кон кои се стремиме да одиме. Според тоа, ако нашите закони во таа насока не ги прилагодуваме или во таа насока не донесуваме законодавство што е компатибилно, за што зборуваат тука некои колеги, ние почнуваме да се оддалечуваме од тие демократски земји, а исто така ги отежнуваме и нашите услови за влегување во Европската Унија.

Според тоа ние мора да бидеме многу внимателни, таму каде што со законите се елиминираат демократските процеси и демократијата. Не видов ниту еден пратеник овде, кој дискутираше до сега, да не за тоа оваа област да се уреди, да нема хаос, да се елиминираат медиумите што работат диво и т.н. Овде е опасноста во примената на овој закон, кон оние медиуми што работат со концесии, со дозволи, што практично тоа го оствариле низ една законита процедура. Тука се можностите на големите злоупотреби. Не зборувам само за оваа власт што е сега. Зборувам и за власт што ќе дојде. Гледате дека често пати имаме тука можност да кажеме позицијата, па зошто вие се лутите што ние ги применуваме законите што вие ги донесовте. Тоа исто ќе испадне утре, кога ќе дојде некоја друга власт, мислам дека ќе биде Социјалистичката партија - нели, па, ние така треба да се вадиме, да кажеме еве вие таков закон донесовте. Малку да се нашалам, но во шалата има голема вистина.

Според тоа, тука треба да внимаваме и тука се опасностите од злоупотреба. Да се злоупотребува за тоа зборуваше еден од пратениците тука, кој има многу поголемо искуство и работел во таа област и тука веќе се можностите на злоупотреба, на крупни злоупотреби на поединци, па да речеме и на таа партија и на тие партии што се на власт.

Според тоа, тоа не влече назад, практично. Тоа се репресии. Тука имаше многу обиди да се оправда оваа состојба на приватност, на приватно право со разни други компаративни споредувања. Мислам дека е многу опасна таа теза, а еден пратеник убаво кажа тука, во Америка кога ќе му влезете во приватниот имот, може да примени и сила. Во светот има закони за заштита на приватноста. Кога ќе почнете сега да го прелиствате уставот и законите што постојат во државата и да барате оправдување, а секогаш го барале тоа поединци или поедини партии во светот што донело големи последици, според тоа кога донесуваме некој закон мораме длабоко да размислуваме што значи некому да влезете во објект, му го разрушите објектот, му ја однесете опремата и кога ќе му ја однесета таа опрема веќе не е употреблива после. Ова го зборувам во глобала, но тоа кога во праксата ќе се

примени, а некои ќе го применат и ќе се понесат некои неодговорни, често пати дури и не мотивирани од своите претпоставени и со самиот свој акт можат да нанесат големи штети.

Не е само штетата што ќе се уништи опремата. Штетата е голема што вие нема да ги остварите приходите на кои што сте сметале. Штетата е голема што не ќе можете понатаму да воспоставите потоа нормални услови на работење. Затоа треба, кога ги донесуваме овие закони да видиме дали не ја нарушуваме демократијата, дали се запираат демократските процеси. Дали овие наши мерки не се антиреформски, дали не се некомпатибилни со законодавството на земјите, кон кои што ние се стремиме? Нели е тоа еден чекор назад? Зошто да го правиме тоа и што ние тука мотивацијата?

Според тоа, се согласувам со оние колеги кои тука предлагаат овој закон да се повлече, студиозно да се пријде кон него, да се обработат сите фази на дејствувањето на овој закон и точно да се испрецизираат сите моменти на дејствувањето и да се види до каде во тоа може да се дејствува. Зашто ние сега зборуваме, во овој случај кога треба да се протурка овој закон, да зборуваме дека не ни функционира правниот систем, дека не ни функционира судството. Јас десет години за тоа зборувам. Зошто ние тука не направиме напори да профункционира и низ тој правен систем, низ тоа судство да станеме правна држава? Зарем, ако тоа не функционира, а очигледно е и јас се согласувам дека не функционира, треба да бараме алтернатива во инспекциски служби или во некои други служби што треба да го заменат, каде што практично доаѓа до израз волјата на поединецот на власта и т.н.?

Во таа насока сакам да укажам дека, се тоа опасни води во кои можеме да запливаме, најискрено, најдоследно, со намера да придонесам да се сфати дека, секој потез, ваков потез не оддалечува од нашите цели. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на госпдинот Љубисав Иванов - Ѕинго за учество во расправата.

Јас ги молам следните двајца дискутанти, бидејќи веќе дискутираа еднаш, тоа се господата Стојменов и Биљали, ако може да бидат по кратки во својата дискусија, во интерес на времето, во интерес на привршување на расправата.

Збор има господинот пратеник Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Најпрво, пред да почнам со излагањето, што навистина ќе се потрудам да биде кратко, бидејќи дискусиите беа воглавном исцрпени и беше доста темелно кажано околу овој закон, јас морам да кажам дека воопшто не сум дискутирал по овој Предлог на закон, не сум учествувал во дискусијата ниту минатиот пат, ниту денес и ова ми е прво учество во дискусијата по оваа точка.

Но, не е битно, сепак сметам дека треба да бидам краток, бидејќи доста од темите исцрпевме. Меѓутоа она што сакам да го кажам е следно:

Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за телекомуникации, со Предлог на закон, очигледно навлезе во една значајна и чувствителна сфера, чувствителна очигледно за сите политички субјекти, за граѓаните, конечно и чувствително посебно за медиумите.

Воглавном, според она што можев да го слушнам во дискусиите се поделија гледиштата, глобално земено, во две групи.

На една страна беше, да парафразирам, гледиштето дека треба да се воспостави ред во медиумскиот простор, како можност за операционализација, за делување на правната држава. Би рекол, со една палијативна мерка што ќе биде претходница вовед во темелно и суштествено решавање на проблемите во оваа сфера.

Од друга страна се спротивстави мислењата, што беа оптоварени со страв од политичка контрола врз медиумите, од политичка пресија, од политичко влијание, што навистина, во поголем дел го застапуваа пратениците на опозицијата.

Несомнено, нешто за што сите се согласивме е дека е потребна регулација во оваа сфера, за што побргу, што потемелно и што повеќе да кореспондира со европските закони. За жал, исто така се согласивме дека фактичката состојба во оваа област е разочарувачка. Навистина, во оваа област владее едно големо безредие, беззаконие и не постојат вистински правила на игра.

Исто така, како карактеристика за атмосферата што владее, може да се каже дека не владее законот и правната држава, заради што и денеска ги донесуваме, предлагаме да ги донесеме овие законски измени што сакаме да дадеме мал придонес во делувањето на правната држава.

Како значаен момент во оваа нерегулирана сфера може да се каже дека е и нерешениот статус на кабловското емитување и спроведување на сигналот, во

областа на кабловското емитување на сигналот, што исто така е проблем што во иднина треба да го реши ова Министерство, Министерството за сообраќај и врски.

Посебен проблем не само на ова Министерство и не само на Владата, туку на сите институции, секако е еден проблем што беше спомнат на неколку наврати и во неколку дискусии, тоа е пиратството што се појавува во оваа област, што е загрижувачко за сите нас. Верувам дека сите тука имаме консензус дека тоа треба да се искорени, ако мислиме да го трасираме патот кон правна држава и држава што ќе биде во корелација со европските норми.

За жал, во радиодифузното милје на емитување, на прекршување би рекол, можеби најсуптилно оди, меѓутоа можеби најдалеку оди една наметната политичка атмосфера во многу медиуми, небаре сме во специјална војна. Една состојба на дезинформирање, на сеење на страв, на чести политички манипулации што за мене, исто така е еден проблем на медиумите, што се надевам во иднина ќе може да се изрегулира и подигне на едно повисоко ниво.

Меѓутоа, некако во сите дискусии што беа денеска и во сите наши настапи, некако повеќе зборувавме за политичко влијание за законот, за правната држава, а најмалку ми се чини обрнавме внимание на најбитното момент, а тоа се консументите на радиодифузниот сигнал. Јас би рекол, во одредени ситуации и жртви на тој радиодифузен сигнал, што е факт дека постои во Република Македонија.

Би сакал овде да ги спомнам примерите, каде имаме многу мала контрола на она што се емитува во термините кога децата гледаат. Присуството на многу насилство во радиодифузниот сигнал, отсуството на концепцијата за воспитната улога на овие радиодифузни претпријатија што го емитуваат сигналот, присуството без ред и без мерка на порнографија, еротика и слично, сето тоа се сфери што треба сите институции на државата темелно и длабоко да размислат за нив, бидејќи со нив на удар се консументите, меѓутоа во нив се наоѓа една посебно чувствителна млада генерација, што треба да ја понесе иднината на Република Македонија.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:** (Продолжение)

Тука не би сакал да зборувам за по суптилните аспекти на проблемот кои ги има во развиените земји, како што се заштита на јазикот со оној симултан превод, кога во многу развиени земји има заштита на јазикот и слично. Во секој случај јас сакам овде да го одбранам правото на државата и на институциите, на нејзините институции кои се дезавуираат, да го одбрани правниот систем, да ја одбрани државата и да ги казни прекршителите во сите области, па и во оваа област. И не можам да го сфатам аспектот кога се брани правото на прекршителите што е недопустливо за еден сериозен демократски систем.

Исто така, ме изненадува став за еден чуден страв од правната држава, кога кон неа се приоѓа со многу скепса. Мислам дека, тука сите имаме одговорност и задача неа да ја градиме. И појавувањето скепса кон политички манипулации во сите ситуации кои ги прави државата, како што е регулирано на разните сфери, секако не е добро за создавање на поволна атмосфера за верба во таа правна држава. За мене беа чудни и рефлексите за политичкото влијание на медиумите, како да е тоа најбитниот момент во медиумите, а се запоставија сите оние аспекти за кои пред малку зборував, аспекти кои се за мене многу, многу по значајни. Самите измени на Законот можеби не носат доволна регулација и легислатива за потполн ред, но сепак, претпоставувам и верувам дека се исчекор кон регулирање и почеток на регулирање на оваа област.

Посебно би сакал на крај овде да го истакнам моментот од Договорот за стабилизација и асоцијација, што беше и пред малку спомнат од еден од колегите, за кој што сметам дека е обврзувачки за сите нас, за сите политички фактори во државата и парламентарните и вон парламентарните, за позицијата и опозицијата, бидејќи сите имаме консензус кон европската интеграција, каде што од нас се бара децидно во член 20 да го развиваме граѓанското општество, како и да ги подржуваме проектите за демократизација и проектите за медиумите. Што значи дека европските институции кои преговараат со нас, ќе имаат посебно внимание во тоа што и како се одвива во медиумите во Република Македонија.

И затоа сите ние треба да бидеме посебно внимателни кон нив, треба да бидеме внимателни и одговорни, да биде внимателна и одговорна власта која ги спроведува законите, бидејќи ќе биде пред еден европски мониторинг, меѓутоа секако тука е присутна и одговорнос-та на опозицијата со изјави од типот на тоталитарни медиуми, политички контролирани медиуми, што не значи дека јас се залагав за еден ваков тип на медиуми, меѓутоа треба да бидеме во секој случај многу умерени и реални во нашите изјави. А неминовната контрола и следење од страна на европските институции, ќе биде тука присутна.

На крај, само уште ќе кажам една

поука, мојата желба е да изградиме една нова и по современа медиумска култура на ниво на целата држава, а сметам дека јавните институции и власта ќе го диктира тоа и ќе води кон една ваква медиумска култура.

И се надевам дека во иднина ќе се направи една комплетна законска легислатива, која ќе биде во согласност со интересите на граѓаните на Република Македонија и во кореспонденција со она што го бара Европа од нас.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави г-динот пратеник Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Благодарам г-дине претседателе, ќе ја почитувам Вашата сугестија, односно да бидам што пократок.

Само на почетокот една мала дигресија, имено искрено според мојот впечаток и убедување граѓаните, или мнозинството од граѓаните се плашат, односно имаат страв дури и да се сигурни дека ние донесуваме некој идеален закон. Зошто кај нив постои таков страв? Постои таков страв, затоа што постои недоверба, а постои недоверба, затоа што луѓето се веќе излажани, или се чувствуваат дека се излажани, изманипулирани и т.н. Значи од самиот факт што имаме огромна диспропорција меѓу тоа што е ветено и тоа што е правено, сосема е нормално луѓето да имаат страв.

Јас лично имам убедување дека, можеби како на шала, меѓутоа заслужува 1 април да се прогласи за ден на сегашната владина коалиција. Стравот е не поради тоа што целосно сегашната владина коалиција манипулира со медиумите, особено со јавните медиуми од јавен интерес, туку според мојот впечаток сегашната владина коалиција тотално ги криминализира јавните медиуми, кои се финансираат од страна на сите граѓани и тоа не само на македонски, туку посебно на албански јазик, за што ќе се искажам подоцна. И нормално е секој граѓанин да биде загрижен поради таквата состојба на јавните медиуми, не само поради тоа што тој има право да биде реално, објективно и навремено информиран што е негово уставно право, туку и поради тоа што тој лично од сопствениот џеб си ги плаќа тие дејности и бара контра услуга за тоа. И по природно и по нормално од тоа и нема.

Впрочем и во повеќе демократски држави јас сум сигурен дека мнозинството од нас тука се свесни на тој факт, јавните медиуми како што е кај нас Македонската радио - телевизија најмногу внимание ќе и посвети на опозицијата, од причина што тие очекуваат, знаат дека позицијата има одговорност, меѓутоа очекуваат од опозицијата да ги иницира, да ги поттикне, ажурира, забрзува и т.н. И затоа политичкото дејствување на опозицијата го смета за национален интерес или општ државен интерес.

Јас на минатото продолжение опширно се произнесов околу политичките димензии на ваквите можни измени на законот или пак правните реперкусии во однос на законот, кој би требал да се измени и затоа нема да се задржам на тоа, туку накратко ќе се произнесам околу клучните прашања, кои се однесуваат на фактичката состојба во сферата на радиодифузијата.

Сакале ние да признаеме или не, едно е сосема реално. Еве, сега ќе зборувам конкретно за МТВ, програма на албански јазик. Таа телевизија е тотално затворена и верувајте партизирана. Ве молам, Вие можете да си дискутирате, тука има претседател на Собранието и може да слушате ако сакате. Ве молам, да се произнесам до крај. И тоа е сфера на радиодифузија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ова е веќе парламентарна опструкција.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Ако ми дозволите да продолжам понатаму.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас Ви дозволувам, само во рамките на темата.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Ако мислите дека ова Собрание е приватна сопственост на некои пратеници овде кои не знаат, а да кажат, тогаш е во ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Но, не значи дека треба сега да го опструираме Собранието со дискусии.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Во знак на протест јас искрено и немам желба да дискутирам повеќе и јас сметам дека тоа е одговорност на претседателот на Собранието.

Сепак, поради јавноста ќе продолжам понатаму. Едно е реално, секој може де се запраша тука, бидејќи се работи за сфера од јавен интерес, од сегментот за јавно информирање. Еве, едно едноставно прашање, каде се тие емисии "без наслов, но со повод", или ‶про и контра‶ на албански јазик, каде може да се слушне поинаквото мислење, опозиционото мислење, стручно мислење и т.н. Тие ги нема. И сега тука некои лутаат, поради тоа што се дава соодветна

квалификација, дека јавните медиуми се под партиско, тотално партиско влијание, а да не зборуваме за приватните кои со овој закон сакаат да се заплашат и да бидат понатаму послушни.

Јас поставувам едно прашање, кои има причина да се плаши од реалноста, од вистината? Само тој што прави, односно се плаши јавноста да не дознае некоја манипулација, некоја кражба, некоја невистина и т.н. Тој што работи чесно и реално нема воопшто причина да се плаши од вистината. Мораме да признаеме дека самиот факт што толку тотално се инсистира да се контролираат средствата за јавно информирање, значи некој се плаши од вистината, се плаши на тоа што им е ветено и што е остварено пред јавноста и т.н.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, дами и господа пратеници, јас ветувам на самиот почеток дека ќе зборувам исклучиво за законот. Законот ќе го проанализирам од повеќе аспекти се со цел да дадам што повеќе аргументи за неговата измена и дополна.

Законот за телекомуникации е донесен во месец јули 1996 година, токму од Вас господо пратеници од СДСМ. Не помина долго време после две години успеавте, што потполно Ве оправдувам, да го измените и дополните, се со цел да донесете подобар закон за подобро да функционира. Истото и ние сега го правиме.

Па затоа Ве молам кои се причините што толку настојувате овој закон да не помине, односно не бирате средства да се спротивставите без аргументи. Можеби постојниот закон е добар, но во друго време и во други услови, а за сегашните сигурно, не. Крајно време е да престане повеќегодишното дивеење на етерот, тоа ќе го оствариме на следниот начин, ако ги аргументираме недостатоците во сегашниот закон. Времето покажа дека законот кој се уште е во сила, не може да се спроведе во праксата. Беа кажани многу причини. Беа покренати голем број на судски постапки, поради тоа што тие не поседуваа доволно дозволи за работа и немаат склучено договор и концесија. На некои иматели им беа запечатени опремата за работа, но како што не дал господ, самите си земале за право да ја отпечатат и повторно да ја пуштат во функција.

Прашувам, што после такво за цивилизираните земји не соодветно постапување од имателите. Треба ли понатаму да се молиме. Сигурно, не. Наведениот начин за спроведување на целосното работење на телекомуникациските услуги, односно емитување на радио телевизиските програми, се покажа како не ефикасно во спроведувањето на забраната за вршење на дејноста. Се уште постојниот закон доведе до бавно и не ефикасно решавање на прекршочните постапки. Второ, таложење на проблемите, трето, недисциплина во телекомуникациските услуги, четврто нелојална конкуренција, појава на пиратство, пето емитување на програми од други држави без превод и со сомнителна содржина. Се превземаат и директно се пренесуваат дневници од Албанија, се пејат песни од УЧК и се величат нивните борци. Програмата на поедини такви телевизии започнува со химната на Република Албанија и што се уште не.

Се со цел да се разрешат наведените проблеми од не функционалниот закон, Владата на Република Македонија го достави Предлог законот за измена и дополнуваше. Со измените на Законот за телекомуникации се предвидува инспекциските служби од Министерството за сообраќај и врски да наредат привремено и делумно одземање на телекомуникациските средства, односно радио станиците со кои се вршат јавните телекомуникациски услуги, или се врши емитување радио и телевизиски програми.

За секоја привремено одземена опрема ќе се поднесува прекршочна пријава, врз основа на која судот ќе одлучи каква казнена мерка следува за незаконското работење. Најголема бура се крена околу инспекциските служби, дали тие ќе ја злоупотребат својата функција. Зошто толку голема недоверба и до кога ќе имаме недоверба. Крајно време е еднаш за секогаш да се стави крај на недовербата во инспекциските служби. Нивна обврска е да постапуваат според законот. Доколку работат незаконски и ја злоупотребат службата, должност и на нив да им се поднесе кривична пријава, после која можат да бидат отпуштени од работа и да ги сносат направените трошоци. Со други зборови мора еднаш да заживее правната држава која постојано ја посакуваме со зборови, но тоа треба да го покажеме господа пратеници на дело. Ова важи и за пратениците од СДСМ и за пратениците од ВМРО-ДПМНЕ. Ќе дадам пример, дали сообраќајната полиција ја злоупотребува својата функција? Јас би рекол сигурно, не. Исклучоци има. На пример, привремено одземање на табличките поради нерегистрирано возило, може да се злоупотреби, но и не значи, времено одземање на табличките поради неисправно возило, времено одземање на возачката

дозвола поради пијанство, но најкарактеристичен е примерот и најблиску е инспекторот за урбанизам, кој донесува решение за да се руши објектот. Ако има дозвола инспекторот да донесе решение за да се поведе постапка, зошто тогаш да не му се даде дозвола и на инспекторот за телекомуникации таа опрема делумно да се конфискува за одреден временски период. За непослушните според Законот за телекомуникации, не треба да се има милост, бидејќи на тој начин се подржува незаконието.

Поради наведеното ги прашувам поедини најбучни пратеници од опозицијата, зошто го подржуваат тие, баш оние кои не се придржуваат на законот. Можеби некој од Вас господо пратеници од опозицијата сакате безредие во кое лично, или партиски ќе имате профит. Но, не заборавајте дека на тој начин најмногу губи државата, а индиректно сите ние губиме.

Ќе кажам еден пример. Во САД најголем законски прекршок е не плаќањето на данок. Да ве потсетам на поговорката која вели, две работи во животот не можат да се избегнат. Првата е мора да се умре, а втората е мора да се плати данок на државата. Со жалење пак ќе констатирам. Ние државата ја чувствуваме како туѓа, наместо да и помогнеме, бидејќи е на сите нас.

Две седници разговараме за Законот за телекомуникации. Ако бевме со добри намери можевме да го донесеме само за пет минути. На овие две седници од страна на опозицијата беа искажани многу претпоставки, што ќе биде ако профункционира Законот за телекомуникации. Сигурно сакате да ви кажам и ќе ви кажам.

Господа пратеници, Законот се носи за да воспостави ред и поради тоа тој се темели на степенот на телекомуникациската култура. Уште еднаш ќе повторам, тој се темели на степенот на телекомуникациската култура.

Завршувам со уште една реченица, односно со уште еден пример се со цел да го поткрепам горенаведениот закон. За да се спречи силеџиството во САД во приватниот имот за не најавено присуство лесно може да биде отстранет секој оној што ќе влезе него и пред законот да не се одговара.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Ванѓел Симев за учество во расправата.

За збор се јави пратеникот Благој Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, почитуван министер.

Јас се пријавив за учество во расправата уште минатата недела кога ја почнавме и претпладнево кога почна седницата бев четврти на листата за учество во таа дискусија. Меѓутоа во моментот кога го искористив правото на реплика јас сум избришан од листата на учесници во дискусијата и затоа се јавувам сега, се надевам на крајот од расправата.

Оваа завршна фаза од расправата, сето тоа што може да се каже со оглед на тоа што голем број од колегите учествуваа во расправата, може да се подведе само под институтот искористување на правото што е дадено во Деловникот, да се изјаснам за тоа дали ќе гласам со да или не и да дадам образложение за тоа. При искористување на таквото право, од кога со голем број на аргументи практично се што е врзано за точката на дневниот ред, Предлогот за изменување и дополнување на Законот за телекомуникации, практично е кажано и ризикот да се повторам со поголем број од учесниците во расправата е реалност.

Овој закон со право предизвика огромен интерес и во јавноста, генерално и во медиумите и кај нас пратениците и таа атмосфера за таквиот пристап во расправата не е од минатата недела кога ја почнавме самата расправа. Таа атмосфера се создава подолго време, од моментот кога се најави оваа измена на Законот за телекомуникации во времето кога дојде и најавата за донесување на Закон за информирање и ми се чини атмосферата, најмногу се профилира во моментот кога во рацете на пратениците дојде верзијата на самиот закон и кога се виде во кој правец се предлага да се извршат измените и дополнувањата.

Јас би сакал да потсетам само на неколку работи, а тоа е следното:

Во сите земји во транзиција кои преминаа од еднопартиски систем во повеќепартиски систем, со парламентарна демократија, дојде до експанзија на политичките субјекти на политичката сцена и во исто време дојде до експанзија или до експлозија во сферата на медиумите, каде што Република Македонија најверојатно води во цела Југоисточна Европа, ако не и меѓу сите земји во транзиција и тоа го сметаме за голема придобивка во процесите на демократизацијата на земјата. Се разбира дека тоа создаде сосема нова ситуација и дека бараше огромни напори оваа многу чувствителна сфера да се уреди со соодветна законска регулатива.

Затоа уште во 1996 година и се

донесе основниот текст на Законот за телекомуникации, затоа се извршија измените во 1997 година, затоа се донесе Законот за радиодифузија, затоа се донесе Законот за заштита на авторските права. Меѓутоа факт е дека независно од тоа што се донесоа сите овие закони, а постои одреден неред, посебно во сферата на електронските медиуми. Јас кога се присетувам сега на дискусиите на сите кои што учествуваа во расправата, едноставно не можам да најдам пратеник кој што имаше поинакво мислење од она дека навистина има потреба некои состојби во сферата, посебно на електронските медиуми да се уредат. Пред се тука мислам да се заштитат правата на сите оние кои редовно плаќаат концесии, кои имаат дозвола за емитување, да се создадат технички услови и за ефикасно емитување на програмите, да се создаде се она од кое што, тоа што се случува на полето на радиодифузијата генерално и посебно на полето на електронските медиуми, го даде вистинскиот резултат што се очекува од нив.

Во расправата денес и минатиот пат се појавија две дилеми, со оглед на тоа што, повторувам не забележав кај ниеден пратеник да постои дилема дека постои одреден неред и дека тој треба да се уреди. Се појавија две дилеми. Едната дилема беше околу тоа дали овие измени и дополнувања на Законот за телекомуникации не се косат со уставните одредби и дали не се загрозува едно од основните човекови права, правото на сопственост.

Втората дилема беше дали во присуство на ваквата законска регулатива за која што зборував има потреба од вакви измени и дополнувања, односно дали со тие измени и дополнувања не се тежнее само да се уредат, што не ги доведувам воопшто под сомневање оние состојби, кои не се уредени во оваа сфера, туку за тоа, можеби стојат и некои други мотиви.

Толку колку што знам да ги читам законите кои што ги спомнав и толку колку што знам да ги толкувам одредбите на членот 1 од Законот за телекомуникации, во кои е точно дефинирано што се уредува со тој закон, одредбите на членот 16 и 18, каде што се посочени субјектите кои одговараат за уредување и раководење со оваа област, Министерството за сообраќај и врски и Дирекцијата која е предвидена да се регулира со самиот закон, членот 18 во кој точно се дефинирани овластувањата и обврските на Дирекцијата, која не е формирана и членот 83 во кој се дефинирани постапките кои треба да се преземат кога постои таков неред и кога не се почитува постојната регулатива.

Ако сето тоа се земе предвид ќе се види дека дилемата што овде беше изнесена, дали постојат доволно правни средства да се уреди тоа што не е уредено или има потреба од вакви измени и дополнувања, по мене е разрешено. Постојат доволно правни средства, со тоа што постои во постоечката регулатива да се внесе ред во оваа област.

Со измените на Законот од 1997 година во членот 60 и 61 е допрецизирано, што ако се случи тоа што нас ни се случува не само во таа област, туку и во други области, а тоа е, ако не се формира Дирекцијата која ги има ингеренциите за кои зборував, таа дирекција не е формирана, меѓутоа во членот 61 точно е кажано, додека не се формира дирекцијата сите ингеренции ги има Министерството за сообраќај и врски и сето тоа што е уредено со прописите за кои зборував, може во пракса да го спроведе.

Според тоа, сметам дека постојната правна регулатива дава доволно правни основи за да може да се уреди оваа чувствителна област и дека нема потреба од Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за телекомуникации, односно од овие решенија со кои се интервенира во членот 83.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Благој Ханџиски за учество во расправата.

Почитувани пратеници, сега на екранот го имам за збор министерот за сообраќај.

Ако тој ги исцрпи мислењата на двата други пратеници што се пријавени овде, тоа се господата Илија Пранговски и Алириза Лога, јас ги молам да се откажат од учество во расправата.

Ако не, имаат право и после него да дискутираат.

Има збор господинот министер за сообраќај и врски, Боби Спирковски.

**БОБИ СПИРКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници.

Јас сакав на крај да земам збор без да предизвикувам нови полемики и расправи и не знам дали ќе успеам тоа да го постигнам.

Прво, мислам дека е ред, после внимателното сослушување на секоја дискусија на двата дена по дискутирањето по овој заков и по неколку предлози дури и за повлекување на законот, да си го кажам и сопственото мислење од аргументацијата, која што беше изложена овде, притоа имајќи

предвид дека јас не сум пратеник, јас сум министер и имам право да говорам за работи за кои што вие говоревте. Дури немам право ни да одговорам на личните навреди спрема министерот, кои беа искажани од неколку пратеници.

Меѓутоа, би сакал да поразговарам, само кратко да дадам неколку аргументи во прилог на Законот за изменување и дополнување на Законот за телекомуникации.

Прво, некои од аргументите кои беа искажани овде, а кои одат на линија дека сега се посега по ова крајно средство, во момент кој навистина се совпаѓа со некои други случувања во овој сегмент, со некој предлог кој што и на мене не ми е познат, работен текст за Закон за информациите, после 15 месеци откако сум дојден јас на оваа функција, јасно говори дека ние не посегнавме по ова крајно средство веднаш. Ако ова се случуваше, ако овој предлог беше депониран во Парламентот некаде во јануари, февруари или март минатата година, ќе можев да имам разбирање за констатациите, дека брзо се посега по едно средство без да се провери дали постојните законски рамки даваат доволно можност да се уредат наследените состојби од претходната Влада.

Веднаш да ви кажам, јас и минатиот пат спомнав, не знам колку забележавте, а сигурно знаете дека овој министер во јавните медии, веднаш после неговото доаѓање најави дека и во оваа сфера ќе ги преземе сите мерки да се воведе ред и правен поредок. Правна држава не се гради без средства. За да се гради и изгради правната држава, мора да имате средства на располагање. Ние во таква ситуација ги проучивме постојните законски прописи, отидовме да побараме политичка поддршка, бидејќи и самите видовте каква бурна дискусија предизвика ова техничко прашање во Парламентот и какви се дискусии овде беа слушнати.

Заради тоа, ние бидејќи бевме свесни за каква проблематика станува збор и за каква дејност, исклучително осетлива, побаравме дури и политичка поддршка од сите релевантни политички фактори во тој момент во државата, во позицијата, сметајќи дека таму е снагата и таму може да се добијат определени, да речам огради за да се спроведе една политика. И откако добивме и владина одлука и поддршка на два наврати како ресор се обидовме да ги спроведеме овие работи. Сега што се случува:

Некој спомна дозвола за работа, некои пратеници, мислам господинот Иловски прв спомна. Ние се уште не сме во можност да им издадеме, на овие субјекти кои реално и легално оперираат, дозволи за работа. Зошто?

Прво, затоа што целиот систем е изграден наопаку. Прво се давале договори за концесија, а потоа следува техничкиот дел во минатото, да му се издаде дозвола за набавка и инсталирање на систем и дури на крајот дозвола за работа, место по една друга логика оние кои исполнуваат одредени услови Владата да им овозможи, преку писмо за намени или преку било кој друг акт да набават опрема и таа опрема да биде санкционирана со дозвола за набавка и употребна дозвола и на крајот да им издаде дозвола за работа.

Значи целиот систем функционира по еден обратен ред, прво да му го дадете златото, значи да му ја дадете концесијата, а потоа да цените дали тој ќе набави соодветна опрема на нашите стандарди и на крајот да му дадете дозвола за работа. Сега што ни се случи на нас. Ние за да дадеме дозвола за работа, во таа дозвола за работа еден од условите, битни услови е самата фреквенција, националното благо. На таа фреквенција на која што треба да оперираат оние што имаат концесии веќе оперира некој друг и нормално, прво што се појави како потреба кај нас е да ги сопреме оние кои што немаат право да емитуваат на одредената фреквенција за да можеме до крај да го завршиме започнатиот процес за етаблирање и легално оперирање на оние што имаат концесии. Тие луѓе дури и со право одбиваат да ги плаќаат концесиите, велејќи државата нас ни е должна прво да ни обезбеди нормални услови за работа, од технички аспект сега зборувам, не се мешам во овие други прашања, а ние почувствувавме дека тоа во два наврати не сме во можност да го направиме, затоа што се беше оставено, во поглед на дозволите за работа, малтене на свеста на оние кои треба тоа да го направат.

Дури очекувавме, па покренувавме акции сами да се пријават и т.н. Покажавме максимална толеранција, транспарентност и 15 месеци упорно се обидуваме овој проблем со средствата кои што ни се ставени на располагање да го решиме. Верувајте, во инспекцијата за која што говоревте и во Секторот за телекомуникации до денес работат истите луѓе, од најмалиот до најголемиот, до помошникот министер и до главниот инспектор, луѓето што се поставени од претходната Влада.

Значи ако сакаме да кажеме дека проблемот е во луѓето, во способноста на органот, со оние средства што му се ставени на располагање да ја уреди оваа област на

поинаков начин, не држат таквите аргументи. Истите луѓе, од прв до последен се. Ако некој трпел критика за не менувањето на луѓето, тоа сум јас, заради тоа што сметав дека мора да има континуитет, заради тоа што тоа е технолошки ресор, во кој што не смее да има брзи промени и импровизации во системот. Можете тоа да го проверите. Истите луѓе. Господинот Тодоровски и ден денес е главен републички инспектор. Значи таквиот аргумент дека министерот и Министерството не се способни во рамките на постоечкиот правен систем да ја уредат состојбата во радиодифузијата, не се во ред.

Ние навистина направивме зрел обид и покажавме не само знаење, покажавме и доволно политичка храброст да се ставиме во ситуација да бидеме од сите страни критикувани и напаѓани и да ги повредиме суптилните интереси. Јас минатиот пат кажав, нема партија од позиција до опозиција која што не реагирала и која што не е осетлива на оваа материја. И ден денес во некои дискутанти ги препознавам некои медиуми кои стојат зад нив и тоа го сметаме за сосема природно, нема ништо лошо во тоа.

Меѓутоа, не можеме да сфатиме дека дефинитивно треба да се поддржи оваа и ваква можеби осамена иницијатива, навистина во една сфера да се уредат односите. Знаете ние имаме избор меѓу две политики. Едната политика за која што претходно дискутиравме овде, дури еден дискутант, ми се чини госпоѓицата Шеќеринска ја образложи, е политика на толеранција. Ние наидовме на една состојба во која што во сите сфери, не само во оваа сфера, внимавајте сите вие знаете со какви проблеми се соочувате со таксистите, со камионџиите, со сите превозни средства во државата и тие сегменти што крвотокот на државата го уредуваат, состојба на максимална толеранција, максимално егзалтирање на максима, на експанзија на бројот на субјектите кои што работат во тие сфери и сега имаме страшни проблеми. Велите ќе одиме во Европа. Па како да одиме во Европа со овој возен парк, кој што некој намерно или не намерно, сега да не си земам зло на душата, го толерирал 10 години, да стане таков каков што е. И преку нормална секојдневна работа и преку прописите кои што ги носел или не ги носел во еден определен период на време.

Сега како можеме ние како Влада, која што е нова и сака да покаже поинакви резултати, за година, две, три или пет во оваа сфера да го обновиме целокупниот возен парк во државата, а сите знаете дека 90% од стоката во Република Македонија се превезува со камиони. Ние немаме карго центар на Аеродромот, ние немаме лук. Сега замислете со кои проблеми ние се соочуваме.

Истовремено Европската Унија не гази и вели или Владата ќе покаже и докаже дека кој е за обновување на возниот парк или цем дозволите ќе ви ги сведеме на половина и плус ќе ви имплементираме еко точки преку Австрија, па дајте да видиме како вие ќе ги возите вашите стоки во Европа. Тоа ви е и кај таксистите.

Пред некој ден бев кај градоначалникот Пенов, стравичен проблем со градскиот превоз, затоа што некој толерирал во меѓу време покрај Јавното сообраќајно претпријатие да се појават уште 10, 20 приватни претпријатија на превозници, не уредувајќи им ги односите, да се тие стихијно појавуваат. И сега ние можеме да бираме, дали ќе одбереме и понатаму ваков принцип на политика, значи на толерирање на состојбите тие да не влечат сами од себе, а потоа дури од една ситуација на немоќ да сечеме со законски прописи и она што е добро и она што е лошо. Тоа беше еден подолг период, дури не би рекол 10 години, можеби 50 години, начин на размислување на правниците и правната свест во државата, да толерираме една состојба додека не дојде до егзалтира до тој степен, тогаш да го сечеме и она што е добро и она што е лошо.

**БОБИ СПИРКОВСКИ:** (Продолжение)

Од друга страна имавме бројни закони, каде што граѓаните ги посматравме сите како криминалци. Погледнете го Законот за девизно работење. Сите фирми што однапред плаќаа стока ги казнувавме и стопански ги гоневме во ситуација, кога и Народната банка на Македонија одреден период, кога Македонија не беше економски призната и позната држава во светот, мораше на одреден начин да плаќа на тој начин одредени стоки.

Сега ни се враќа една нова појава, органите на власта што предлагаат закони нив ги гледаме како криминалци. До каде ќе оди тоа егзалтирање на правната свест на државата? Дајте, да најдеме методи и начини да ги одвоиме оние кои работат како што треба, значи, во граѓаните, во системот на граѓаните и оние кои работат како што треба во системот на власта. Не можам јас да одговарам за појави што вие ги кажувате преку работата на други министри и се она што и денеска и претходниот пат се кажа.

Меѓутоа, и те како можам да дадам аргументи дека Министерството за сообраќај и врски, навистина со сите средства што стојат на располагање, во два наврати, преку добро организирани акции, под директна контрола на министерот, се

обидовме да воведеме некаков ред и преку постојните инструменти, да придонесеме за развојот во оваа сфера. Тоа, не функционира, господо.

Токму една од причините, зошто јас лично се определив, бидејќи е ова мој предлог, се определив да предложам и Владата го прифати и денеска да се појавам пред сите вас, не само од позиција, туку и од опозицијата, причината е што вие сите добро ја знаете, не можеме да се оправдаме во една ваква ситуација, пред таа иста Европа, која што сите често ја вадиме под ракавот како аргумент, во ситуација кога не функционира правната држава воопшто, а да зборуваме дека на овој начин правната држава се загрозува. Сите знаеме дека во овој систем мора да се имплементираат и мерки од типот на оваа. На крајот на краиштата и Европа не дошла до тој степен само преку развивање на свеста, туку преку имплементирање на прописи што забранувале одредени поведенија и за кои што самите сме свесни и гледаме и знаеме такви примери, каде што брзо и ефикасно настапувала спрема прекршителите на ваквите забранети поведенија. Не еднаш и со одземање и привремено и трајно и т.н., на добрата со кои што располагале граѓаните во една држава. Тоа се стари примери колку што постојат државите во светот.

Сега, од тоа да се прави некакво капитал, мислам дека не е во ред, особено во ситуација кога ние се наоѓаме, навистина, во огромни внатрешни правни блокади во системот, наследени не само од времето на СДСМ. Не е правично да се каже дека тоа е се нивна работа, што тие ја имплементирале. Тоа е правен систем што во континуитет, претходно функционираше така како што функционираше.

Меѓутоа, претходно беше незамисливо навистина ова да направите во едноумието, она што сега секој го прави. Едноставно, беа работи што и на ова тло беа непознати како пракса, како поведение на граѓаните. Наеднаш, сега, со истите тие стари закони, законски прописи, малку видоизменети, ние имаме уште прописи што важат од бивша Југославија. Во витални сфери, како што е воздухопловството.

Нашиот третман кон тоа ново законодавство е такво, сериозно, како што е и овде, година и два месеци се спрема тоа законодавство. Два пати веќе оди во процедура и дури и на полу јавна расправа, каде што луѓето од еснафот треба да си го кажат својот збор, се со цел заради што овој министер има пристап дека закони не се носат преку ноќ. Дека, закон треба добро, година - две дури да се сожвака во сите процедури, особено кога станува збор за уредување на цела една област. Не вакви ситни, мали интервенции.

Затоа, во ниту еден момент не брзавме и сега уште еднаш ќе кажам и со овој закон не брзаме. Ние го имавме како проблем уште при првиот обид нешто да направиме. Меѓутоа, рековме, ајде ќе направиме уште еден, уште еден, да видиме, да ги употребиме сите средства.

Јас, навистина, не би ве оптоварувал понатаму, би ве замолил да имате сенс, да имате чувство за состојбата во која се наоѓаме во моментот во оваа сфера, па и пошироко, не само во оваа сфера, зборувам за областа што ја покрива Министерството сообраќај и врски, не можам да говорам за други области што не ги познавам. И, да дадете поддршка на ова ресорно министерство и овој ресорен министер, затоа што, навистина на начин кој досега, не неколку пати, но навистина низ целокупното работење сме покажале, во кој сегмент сакате, без оглед на критиките што ги трпиме, дека сме фантастично коректни, дека и те како ги согледуваме состојбите, а потоа, некој овде спомна два пати мери еднаш сечи, а потоа се обидуваме да пресечеме.

Меѓутоа, господа пратеници, ако не собереме храброст понекогаш да пресечеме наследени состојби од минатото, ние не можеме да одиме напред. Перманентно ќе си тапкаме таму каде што сме и нашите, дневно - политички интереси, кога реков дека сум политичар само во сегментот на уредувањето на областа, не мислев господине Бузлевски на дневна политика, бидејќи премногу имаше дневна политика во нашите министерства и се уште има, како наследена состојба. Туку, мислев на начинот на ова што го објаснив сега, за која политика ќе се определиме. Дали за политика на толеранција, што била глобална политика во еден претходен период, оставете ја претходната Влада, претходен период или за еден поинаков пристап на по радикални промени во системот, зборувам за самиот систем, во областа, пак се лоцирам таму каде што јас делувам, а треба да донесе некои вистински промени во државата. Се разбира, ако сакаме вистински промени.

Мислам дека воопшто не слушнав аргументи, валидни, без да инсинуирам ништо од дискусиите на пратениците, нешто од технички аспект, врзано само за законот, што би требало кај мене, како кај министер да ја преобрати мојата

концепција, идеја, овој закон, навистина до крај да истраам да биде донесен во Парламентот.

Би замолил, сите да го поддржите, без оглед дали станува за пратеници од позицијата или од опозицијата, а исто така би замолил, пратениците што имаат поднесено амандмани, со кои практично се брише целата концепција и целиот закон, ако таква можност постои во оваа фаза на постапка, да го повлечат и да го поддржат законот. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот министер Боби Спирковски.

Господинот Илија Пранговски се откажа.

Дали господинот Алириза Лога се откажува од правото да дискутира?

Се откажува и господинот Алириза Лога.

Според тоа, го заклучувам претресот и ги молам сите пратеници што се моментално надвор од салата да влезат.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за измени и дополнување на Законот за телекомуникации.

Ве молам да гласаме.

61 пратеник гласаа "за", 1 е "воздржан", а 21 е "против".

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон?

Ве молам да гласаме.

61 пратеник гласаа "за, 1 е "воздржан", а 20 се "против".

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот по Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 1 став 1, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратениците Ѓорѓи Тодоров и Миланчо Черкезов, поднесоа амандман за бришење на член 1, по кој Владата не се произнела.

За збор се јави господинот Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Го повлекуваме амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со претресот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

62 пратеници гласаа "за", 21 се "воздржани", а 21 се "против".

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за телекомуникации.

Минуваме на точката 6 - Предлог за донесување на Закон за ратификација на Протоколот за автентичниот петтојазичен текст на Конвенцијата за меѓународното цивилно воздухопловство, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Ве молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ратификација на Протоколот за автентичниот петтојазичен текст на Конвенцијата за меѓународното цивилно воздухопловство.

Ве молам да гласаме.

"За" гласаа 77 пратеници, 2 се воздржани, а 2 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

76 пратеници гласаа за, 3 се воздржани и 3 се против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој збор, ќе ве молам? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

*11* пратеници гласаа за, 4 се воздржани и 2 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Протоколот за автентичниот петтојазичен текст на Конвенцијата за меѓународното цивилно воздухопловство.

Минуваме на точката 7 - Барање за давање автентично толкување на член 45 од Законот за ловство, поднесен од Ловечкото друштво "Еребица" - Скопје.

Барањето и извештајот на ЗПК ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека барањето за давање автентично толкување на член 45 од Законот за ловство, "Службен весник на Република Македонија" број 20/96, поднесено од Ловечкото друштво "Еребица" - Скопје не е оправдано и нема потреба од автентично толкување на овој член од причините содржани во Извештајот на ЗПК на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок, заедно со Извештајот на ЗПК на Собранието на РМ да се достави до Ловечкото друштво "Еребица" - Скопје.

Ве молам да гласаме за предложениот заклучок.

71 пратеник гласаа за, 4 воздржани и 5 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 8 - Предлог на одлука за основање Анкетна комисија за испитување на јавните набавки.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Пратеникот Мерсел Биљали поднесе амандман на член 1, по кој предлагачите не се произнеле.

Бидејќи предлагачи се 47 пратеници на Собранието, јас ве молам да гласаме за овој амандман.

Поединечно не можеме.

Да гласаме за амандманот што го поднесе пратеникот Мерсел Биљали.

Мислам дека навистина, би требало овој амандман да се прифати.

Има збор господинот Мерсел Биљали да го објасни амандманот.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Само со два збора да се објасни на што се однесува амандманот.

Имено, според Предлог - одлуката за испитување на јавни набавки, мандатот на Комисијата што ќе се формира од страна на ова Собранието, би требало да има мандат до 31 декември 1999 година.

Не гледаме воопшто причина, мислам дека секој е убеден, мандатот да не се продолжи за уште три месеци, односно 31 март оваа година, од причина што тој е, инаку, јавните набавки особено се случија овие три месеци и сосема е оправдано да се врши соодветна контрола. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, да гласаме за амандманот.

Процедурално господинот Флоровски бара збор.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Во име на пратеничката група, барам пауза од пет минути.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тогаш пауза од пет минути, пратеничката група да се консултира.

(По паузата).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да продолжиме со работа.

Дами и господа пратеници дојдовме до прашањето за гласање во врска со амандманот, поднесен од г-динот пратеник Мерсел Биљали.

Амандманот го ставам на гласање.

14 пратеници гласаа за, 46 против и 6 воздржани.

Според тоа амандманот не е прифатен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме за целата одлука.

61 пратеник гласаа за, 5 против и 6 воздржани.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање на Анкетна комисија за испитување на јавните набавки.

Минуваме на точката 9 - Предлог за разрешување заменик на вишиот јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Предлогот за разрешување ви е доставен.

Отворам претрес. Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Ве молам да гласаме.

67 пратеници гласаа за, 1 против и 3 воздржани.

Констатирам дека Стојан Јанколовски е разрешен од функцијата на заменик на вишиот јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје, поради исполнување услови на старосна пензија.

Минуваме на точката 10 - Предлог на Одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски".

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

59 пратеници гласаа за, 11 против и 5 воздржани.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски".

Минуваме на точката 11 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање Пратеничка група на Собранието на РМ за соработка со Парламентот на Република Грција.

Предлогот на Одлуката ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Дали некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Одлуката.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по Предлогот на Одлуката и Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

66 пратеници гласаа за, 3 против и 2 воздржани.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за основање Пратеничка група на Собранието на РМ, за соработка со Парламентот на Република Грција.

Минуваме на точката 12 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање Пратеничка група на Собранието на РМ, за соработка со Парламентот на Република Ирска.

Предлогот на Одлуката Ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Ве молам дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Одлуката.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

75 пратеници гласаа за, 3 против и 1 воздржан.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за основање Пратеничка група на Собранието на РМ, за соработка со Парламентот на Република Ирска.

Минуваме на точката 13 - Предлог на Одлука за именување републички советници на Собранието на РМ.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес. Молам дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Преминуваме на гласање.

Предлогот Анкица Крстевска да биде именувана за републички советник на Собранието на РМ, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

75 пратеници гласаа за, против нема

и 5 воздржани.

Констатирам дека Анкица Крстевска е именувана за републички советник на Собранието на РМ.

Предлогот Снежана Гушева да биде именувана за републички советник на Собранието на РМ, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

78 пратеници гласаа за, 2 против и 5 воздржани.

Констатирам дека Снежана Гушева е именувана за републички советник на Собранието на РМ.

Минуваме на точката 14 - Предлог на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација - Градска аптека "7 Ноември" - Гевгелија.

Предлогот на Одлуката и дописот од Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

79 пратеници гласаа за, против 1 и 3 воздржани.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација - Градска аптека "7 Ноември" - Гевгелија.

Минуваме на точката 15 - Предлог на Одлука за разрешување и избор на член на Советот на Народната банка на РМ.

Предлогот на Одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес. Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

72 пратеници гласаа за, 3 против и 9 воздржани.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување и избор на член на Советот на Народната банка на РМ.

Минуваме на точката 16 - Предлог на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација, Републички завод за здравствена заштита - Скопје.

Предлогот на Одлуката и дописот од Комисијата за прашања на изборите и именувањата Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

77 пратеници гласаа за, 3 се против и 10 воздржани.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација, Републички завод за здравствена заштита - Скопје.

Минуваме на точката 17 - Предлог на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација, Здравствен дом - Вевчани.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес. Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

80 пратеници гласаа за, 4 против и 5 воздржани.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација, Здравствен дом - Вевчани.

Минуваме на точката 18 - Предлог на Одлука за огласување избор на претседател на Апелациониот суд во Скопје и претседател на Апелациониот суд во Штип.

Предлогот на Одлуката ви е поделен.

Отворам општ претрес. Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

77 пратеници гласаа за, 4 против и 3 воздржани.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување избор на

претседател на Апелациониот суд во Скопје и претседател на Апелациониот суд во Штип.

Минуваме на точката 19 - Предлог на Одлука за давање согласност на Статутарната одлука за измена на статутот на Јавната здравствена организација, Специјална болница за ортопедија и трауматологија - Охрид.

Предлогот на Одлуката и извештаите на Законодавно - правната комисија и Комисијата за здравство Ви се поделени.

Отворам претрес. Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Во меѓувреме г-динот пратеник Оломан Сулејмани се јави за збор.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, можеби јас гледам дека трпението кај пратениците е изгубено, меѓутоа еве, нека бидат стрпливи, нема да должам многу во врска со оваа одлука, меѓутоа на некој начин и заради јавноста па и заради мојата функција пратеник морам да го дадам моето мислење во врска со оваа одлука.

Иако Комисијата за здравство, каде имаме наш претставник г-динот Абдула Алиу од ПДП и мислам дека е и г-динот Хисни Шаќири дале мислење, меѓутоа ако се работи за промена на името на Специјалната болница за ортопедија и трауматологија - Охрид, или народот како што вели костозглобна болница во Охрид, јас мислам дека тука со оваа одлука би се дало право да се промени името на таа болница.

Мислам дека ова не држи барем за мене како пратеник, бидејќи ако одиме по оваа логика да ги решаваме овие проблеми, тогаш треба да бидеме коректни, бидејќи во болницата иако немам против верата ниту православната, ниту муслиманската, меѓутоа ваквата политика која се наметнува мислам дека повеќе ќе и штети на РМ, отколку што ќе и помогне. Па ако одиме по оваа логика на нештата тогаш би изгледало дека или би било потребно и во затворот "Идризово" да изградиме џамии, односно цркви, бидејќи и таму имаме затвореници кои веројатно иако се осудувани па сакаат да ги реализираат нивните верски чувства преку тие верски објекти.

Па реков нема да должам, значи ќе бидам против оваа одлука, заради ова што ова наметнување на ваков стил на работа мислам пред се е на штета на РМ и она што значи сожителство, бидејќи во болницата нема само православни, туку има и муслимани и од други вери. Па моето мислење го дадов, иако некој од пратениците можеби немаа и трпение да ме сослушаат, меѓутоа јас заради јавноста, заради она што претставувам овде, заради политиката која се наметнува, бидејќи на Македонија ниту најмалку не и одговара оваа политика, бидејќи ова е политика на одвојување, бидејќи се знае здравствените установи зошто служат и ред други установи кои пред се за употреба на граѓаните, а не на верата.

Верата со Уставот се знае дека е надвор од Уставот, меѓутоа секој граѓанин има право преку други методи да си ги изразува своите верски чувства.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Оломан Сулејмани.

Имаме уште тројца дискутанти, тоа се г-дата Томислав Петровски, Насер Зибери и Митко Тилевски.

Меѓутоа треба да го почитуваме и барањето на пратеничката група на СДСМ, дека до 15,45 часот би требало да завршиме, бидејќи во 16,00 часот тие имаат состанок.

Да ги сослушаме само кратко г-динот Томислав Петровски.

**ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ:**

Почитуван г-дине претседателе, Ви благодарам што ми дадовте збор.

Како што слушам прозван сум да зборувам за една тема, за која јас лично сум засегнат како претставник на Специјалната болница за ортопедија и трауматологија - Охрид.

Како што сите знаете јас доаѓам од Охрид, градот на Климент и Наум, градот на Цар Самоил, Македонскиот Ерусалим, Охрид во минатите векови имал 365 цркви посветени на разни светци, еден ден во годината, еден светец, една црква. Затоа Охрид уште се вика Македонски Ерусалим. Пред 50 години во атарот на црквата Св. Еразмо, на црковно земјиште, на место каде што пред векови постоела црква со истото име Св. Еразмо изградена е оваа болница.

Како што реков пред малку оваа болница годинава слави 50 години од своето постоење, а се уште нема име. Исто така, годинава се слават 2000 години од христијанството, празник кој секоја година го слави целиот христијански свет. На кој начин ние да го одбележиме ова, се разбира со величење на нашите христијански светци. Логично беше болницата да го добие името Св. Еразмо, име кое го побараа граѓаните на Охрид.

Би сакал да дадам само едно појаснување кој бил Св. Еразмо. Св. Еразмо го донесе во третиот век христијанството во Охрид. Ние охриѓаните вечно сме му благодарни за неговото мисионерско дело. Неговото име и нашиот град се вечно поврзани. Затоа нашата болница го избра Св. Еразмо за патрон и го зеде неговото име. Св. Еразмо бил чудотворец, господ го обдарил со моќ за исцелување и таа дарба, тој не себично ја применувал врз болните и унесреќените луѓе. Современите лекари се поклоници на исцелителите од минатото, нивни наследници и почитувачи. Човековата мака и страдања бараат утеха и лекување.

Св. Еразмо знаел како да им ја даде на луѓето, затоа тие го посветиле и го чуваа во своите срца.

Затоа и ние денешните лекари кои работиме во оваа болница, го одбравме неговото име. И уште нешто да додадам. Во оваа болница се лечат луѓе од сите националности и од сите вероисповести. Досега лекувањето беше на високо професионално ниво, мошне стручно и со голема етика. Оваа болница беше позната на сите поранешни ЈУ простори, порано и сега. Не гледам зошто со добивањето на името би престанале да функционираат како и досега.

Секаде во светот големите и успешни болници носат име на некој светец, како што се "Света Екатерина" во Софија, "Свети Џемс" во Лондон и т.н. Во овие светски болници се лекуваат луѓе од сите националности и од различни вероисповести. Тоа на никого не му смета.

Затоа би Ве замолил овде да не се меша политиката и да не се прави ЕПП пред гледачите, за овој толку нормален потег, давање име на една успешна болница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. пратеник Томислав Петровски.

За збор се јави г. пратеник Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, не сакам да навлегувам во димензиите што претходниот дискутант ги изнесе во врска со идејата, со измена на Статутот на Специјалната ортопедска болница во Охрид, да се преименува оваа Јавна здравствена установа, од причина што ми се разбирливи тие мотиви.

Уште кога се уврсти оваа точка во дневниот ред реагиравме и не сакавме за оваа седница да биде ставена и евентуалното изгласување на ваква Одлука за измена на Статутот на оваа Јавна здравствена установа од следните причини:

Согласно Уставот на Република Македонија, верските заедници, воопшто верата е издвоена од државата и по својот концепт Република Македонија е лаичка држава. Тоа значи дека во сферата на она што е јавен интерес, она што е сфера на држава, апсолутно не треба да се мешаат верските димензии, вклучувајќи го и ова прашање, евентуалната измена на името на една здравствена установа. Но, тоа е едниот аспект на прашањето.

Вториот аспект е многу практичен. Имено, Вие знаете дека според податоците со кои располагаме околу 30% од пациентите на оваа Јавна здравствена установа се од друга религиска припадност. Мислам дека, не е коректно да се идентификува една Јавна здравствена установа со име на светец кој припаѓа на една вера. Така да мислам не е во ред, не е добро да се преземе ваков чекор. Доколку се поведеме по истите постапки, тогаш неминовно ќе се постави прашањето за некоја друга ваква или слична установа, да се постави име од друга конфесија.

Вака говоревте и кога се донесе Законот за пригодни ковани пари, но денес ситуацијата е објективна, е сосема поинаква од она што говоревте тогаш. Денес секој држи паричник во кој стои крстот. И ова сега доколку се прифати како одлука, таа установа ќе се преименува и верувајте тоа нема да се прифати така добродушно и лесно од останатите граѓани кои не и припаѓаат на таа вера. Не треба да се меша приватноста и она што е верска припадност со јавниот интерес, и со она што е држава. Во Охрид на влезот во градот постои црква со такво име и на никого не му смета тоа.

Но, да се именува Јавна здравствена установа, тоа веќе е друго прашање. Ве молам, немојте криво да ги сфатите овие наши реакции кога зборуваме за вакви работи, од причина што нормално ваквите иницијативи да побудуваат реакции кај другите. Навистина не ми е јасна идејата зошто во ова време кога сите пледираме да се постигне некаков консензус по овие прашања, ние одиме на ѓон со идеја за поставување на грандиозен крст, со изгласување на Закон за пригодни ковани пари во кое се вметна крстот, со преименување на јавни установи со верски обележја.

Од тие причини ваквата идеја и ваквата одлука за нас е неприфатлива. Затоа сакам да го изнесам ставот на пратеничката група, дека сме против донесување на ваква одлука и бидете

убедени дека евентуалното донесување ќе остави последици по однос на меѓу човечките е меѓу конфесионалните односи во Република Македонија.

Ова е само уште еден показател каде ни одат ваквите односи во Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. пратеник Насер Зибери.

Господа пратеници, навистина овде гледам доста пратеници кои пак ќе зборуваат за и против и т.н., и не е во ред.

За збор се јавија 4 пратеници од кои двајца се охриѓани, кои лично се погодени, тоа го знам, господата Илија Илоски и Наумовски Рубенс, сега Томислав Петровски повторно се јавува и крај ќе нема оваа расправа, еве се јавува и г. Мерсел Биљали.

Ако пратеничката група се пријавила веќе дека ќе гласа против, го имаме ставот, еве гледам на екранот се пријавуваат уште дискутанти.

Вака ако продолжите да се јавувате ќе тераме до вечер, а господата пратеници од СДСМ најавија дека седницата треба да ја завршиме во 16,00 часот, бидејќи имаат обврски.

Има збор шефот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ Чедомир Крањевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Господине претседателе, ќе молам за едно објаснување.

Пред малку кога го вклучивте гласањето, дали тогаш ја изгласавме одлуката или не.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не. Прекинав со гласањето, затоа што во меѓувреме додека јас заклучував на екранот се појави г. Оломан Сулејмани и јас му дадов збор.

Деловнички ќе погрешев ако не му дадов збор.

Има збор пратеникот Митко Тилевски.

**МИТКО ТИЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, пред се би сакал да кажам дека сум изненаден од дискусиите на одредени колеги пратеници, во контекст на оваа точка на дневниот ред, Предлог на Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за измена на Статутот на Јавната здравствена организација, Специјална болница за ортопедија и трауматологија - Охрид.

Дискусиите водат по иницирање и создавање на вештачки проблеми, политички, верски, меѓунационални и сето тоа поради промена на името на болницата и притоа не знаејќи дека Јавната здравствена организација, Специјална болница за ортопедија и трауматологија – Охрид, дека 50 години работи како врвна стручна здравствена установа, позната не само во Република Македонија, туку и пошироко во европски рамки.

Промената на името на болницата, се прави, пред се, од големиот број на сугестии на самите вработени во болницата, пациенти и граѓани на општината на Охрид. Самото име доаѓа од тоа што во непосредната близина на болницата, околу 200 метри се наоѓа манастирот "Свети Еразмо", а поголемиот дел од изградените објекти се наоѓаат на некогашното земјиште чии сопственик била самата црква и манастирскиот комплекс "Свети Еразмо". Јас заедно со колегата Петровски работиме во оваа болница и не гледам ништо лошо во сето тоа.

Ги молам и другите пратеници да ја поддржат оваа одлука и да гласаат позитивно.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. пратеник Митко Тилевски.

Тргнувајќи од себе, ако не дај боже сум болен, не во Свети Еразмо, ако треба во будистичка здравствена организација ќе одам, ако има врвни лекари.

Името воопшто не ми смета, во цела ова ситуација, затоа што луѓето секогаш одат по лекарите и по видот на здравствената организација.

Но, добро сега сакаме овде да дискутираме и да си го трошиме времето.

Има збор г. пратеник Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Јас ќе бидам сосема краток. Не се јавувам од некој локал патриотизам, бидејќи како што рече претседателот доаѓам од Охрид, па затоа треба да ја поддржам иницијативата. Се јавувам чисто од причина што за мене православието и... се вечни теми и треба тука локалните патриотизми да ги оставиме на страна.

На почетокот би сакал да кажам дека, пратениците претходни дискутанти кои опонираат на носење на оваа одлука, се во право до толку што, да речам Македонија по Устав е секуларна држава,

не е атеистичка, заправо не е теолошка држава, меѓутоа не се во право, бидејќи станува збор за еден објект кој служи за сите граѓани, без разлика на верска, национална и било каква друга припадност.

И, ако не повеќе да му се оддолжиме на тој светец таму, ние треба да го дадеме тоа име на болницата, бидејќи актуелниот директор на болницата во неговото образложение, мислам го спомна овој податок што сакам да го кажам, но ќе повторам. Тоа е дека од манастирот Свети Еразмо, каде што е сега лоциран и како што спомна дека никому не пречи, до езерото целото место било црковно. Така што, сега можат да се постават и други тези во контекст на носење на Законот за денационализација и враќање на имотите на црквите, не само на Македонската православна црква, туку и на другите верски заедници во Република Македонија. Може да се постави суштинско прашање како црквата би реагирала околу овој свој имот.

Затоа не би требало никого да навредува, една ваква здравствена установа да го носи името на светецот на чие тло фактички изникнала таа јавна установа, бидејќи биле такви времињата, без некого да прашаат едноставно е узурпирано земјиштето и изградена е болницата.

На општо задоволство на сите, како што беше спомнато, без разлика на вера, нација, припадност, по било кој основ, таму досега илјадници луѓе нашле спас за своите неволји и неприлики.

Затоа мислам да не правиме политика од се и да се нервираме.

Ако досега сте ги следеле моите излагања во однос на верата, навистина не сум сакал никогаш на верска основа никого да навредам или некој да ме навреди, секогаш одам со краен респект и почитување. Ако им е полесно на пратениците од исламската вероисповест, по мое лично убедување, трите веќе етаблирани глобални религии во Македонија... православието, муслиманството и католицизмот, навистина се етаблирани и признати со закон и почитувани меѓу конфесионалните односи до крајни граници. На нас православните во последните години од друго ни прети опасност.

Меѓутоа, тоа се наши проблеми, па ние во рамки на нашите можности ќе си ги решаваме како знаеме и умееме. Инаку, јас лично сум убеден дека не прети воопшто никаква опасност од исламизација на македонското население во Македонија, ниту пак прети опасност од христијанизација на веќе етаблираното муслиманско население.

Затоа мислам дека се расправаме без потребно и оваа иницијатива треба да се поддржи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Илија Илоски.

Господа пратеници ја прекинувам седницата, 16:00 часот е, го почитувам барањето на пратеничката група на СДСМ.

Седницата дополнително ќе биде закажана.

(Седницата заврши со работа во 16,00 часот).